ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

МОБИЛНОСТ

Одржана XVI Тортијада

Одржани XIX Музички средби на лица со телесен инвалидитет

Одржан XIX Републички квиз натпревар на лица со телесен инвалидитет

Потпишан Меморандум за соработка меѓу организациите кои ги обединуваат параплегичарите и тетраплегичарите

БРОЈ 78, НОЕМВРИ 2013
www.mobilnost.mk
e-mail: contact@mobilnost.mk

МОБИЛНОСТ

ГЛАСИЛО НА НАЦИОНАЛНИОТ СОЈУЗ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

Издавач:
МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА

Уредувачки одбор:
Главен и одговорен уредник:
Митко Фидановски

Одговорни уредници:
Бранимир Јовановски
Нико Јанков

Издавачки совет:
Бранимир Јовановски
Нико Јанков
Штерјо Николов
Стеван Ангелески
Буран Бала
Лилјана Матеничарска
Велибор Јакимовски
Васил Томов
Дејан Ѓорѓиевски
Венко Голабоски
Ефтимчо Атанасовски

Лектор:
Ангелина Николовска

Адреса:
Национален сојуз на
лица со телесен инвалидитет
Мобилност Македонија
Ул. „11 Октомври“ бр. 42/а – Скопје
Тел: (02) 3 211 280

Жиро сметка:
300000000106445
Комерцијална Банка

Печатено во 1200 примероци
Излегува тримесечно
Бр. 78, Ноември 2013
Со решение бр. 01-483/2 од
16.05.1994 год. весникот
„Феникс 86“ е запишан
во регистарот на весниците

Дизајн и компјутерска подготовка
Далибор Јовановски

Печат:
„Фокус принт“ – Скопје

Весникот е бесплатен.

СОДРЖИНА

ЗБОР НА УРЕДНИКОТ 2
ОДРЖАНА XI СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА „МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ 4
ИЗМЕНИ ВО ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА 6
МЕЃУНАРОДНА СРЕДБА НА ОРГАНИЗАЦИИ КОИ ГИ ЗДРУЖУВААТ ПАРАПЛЕГИЧАРИТЕ И ТЕТРАПЛЕГИЧАРИТЕ ВО ПАЦУГ, СЛОВЕНИЈА 8
УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА 12
ДЕЛЕГАЦИЈА НА МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА НА МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО ИСТАНБУЛ, ТУРЦИЈА 13
XVIII ХРВАТСКИ СИМПОЗИУМ ЗА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ 15
19-ТИ РЕПУБЛИЧКИ КВИЗ-НАТПРЕВАР ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ 17
19-ТИ МУЗИЧКИ СРЕДБИ НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА 19
ОСМИ МУЗИЧКИ ФЕСТИВАЛ ПОМОРЈЕ 2013 22
ТЕМАТСКА РАБОТИЛНИЦА ЗА МУЛТИПЛА СКЛЕРОЗА ВО БИТОЛА 23
ТРАДИЦИОНАЛНО ДЕФИЛЕ НА ШИРОК СОКАК 26
ОБУКА ЗА КОРИСТЕЊЕ И ПОПРАВКА НА ИНВАЛИДСКИ КОЛИЧКИ 28
„МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“ ЌЕ СПРОВЕДЕ ПРОЕКТ „ИЗГРАДБА НА ИНКЛУЗИВНИ ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА“ 29
СРЕДБА НА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА НАЦИОНАЛНИТЕ ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ СО НАЈУСПЕШНИТЕ БИЗНИС-КОМПАНИИ ВО МАКЕДОНИЈА 30
ДОНАЦИЈА 31
УСПЕШНО РЕАЛИЗИРАН ПРОЕКТ, ОДОБРЕН ОД СОБРАНИЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ 33
„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА ПРВАТА БАЛКАНСКА КОЛОНИЈА НА РАКОТВОРЦИ ВО БИТОЛА 33
СРЕДБА И ДОНАЦИЈА НА „МОБИЛНОСТ БИТОЛА“, „МОБИЛНОСТ РАДОВИШ“ И „МОБИЛНОСТ ШТИП“ 34
„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА ИЗЛЕТ ВО СМИЛЕВО 35
„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА МУЗИЧКИОТ ФЕСТИВАЛ НА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСНА ИНВАЛИДНОСТ ВО ПОМОРЈЕ, РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА 36
„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА „ПРЕСПАНСКИ ЈАБОЛКОБЕР 2013“ 38
„МОБИЛНОСТ БИТОЛА“ НА РАБОТИЛНИЦАТА НА УСАИД ВО БИТОЛА 38
ВТОРА СРЕДБА И НАБАВКА НА ОРТОПЕДСКИ ПОМАГАЛА ОД „МОБИЛНОСТ РАДОВИШ“ 39
„МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ ВО ПОСЕТА НА ВРАЊЕ 39
ЕСЕНСКИ ЕДНОДНЕВЕН ИЗЛЕТ НА „МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ 40
„МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ СО СВОЈАТА КРЕАТИВНА РАБОТИЛНИЦА ВО НОВИ КНЕЖЕВАЦ 41
„МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ НА СКОПСКИ САЕМ 42
„МОБИЛНОСТ СКОПЈЕ“ ДОБИ НОВ КОМПЈУТЕР 43
ВГРАДЕНА РАМПА ВО КОМБИ ВОЗИЛО 43
ДОКТОРОТ ВИ ОДГОВАРА 43
РЕПУБЛИЧКИОТ ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА НА ЛИЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ „ПОРАКА“ ПРОСЛАВИ 50 ГОДИНИ АКТИВНА РАБОТА 44
ОДБЕЛЕЖАН 15 ОКТОМВРИ – СВЕТСКИОТ ДЕН НА БЕЛИОТ СТАП 45
МЕСЕЦ БЕЗ ПАРТИЦИПАЦИЈА 45
НОВОСТИ ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА РАБОТА 46
ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДИТЕТ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД 47
XVI ТРАДИЦИОНАЛНА МАНИФЕСТАЦИЈА „ТОРТИЈАДА 2013“ 47
ЕДЕН УБАВ ПРИМЕР ЗА ИНКЛУЗИЈА НА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ 48
ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ВО СТРЕЛАШТВО АЛИКАНТЕ 2013 49
НАГРАДНА ИГРА 51
ОДРЖАНО ДРЖАВНО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ ЗА 2013 ГОДИНА 52
„КУП НА ЛИЦА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ ВО РИБОЛОВ 2013 ГОДИНА“ 53
ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР „СВ. АТАНАСИЈ“ ИСТОРИСКО-ЕКОНОМСКИ ПРЕГЛЕД 54
ЗАБАВНА СТРАНА 56

Збор на уредникот

Еве по три години, драги мои читатели, повторно ќе ја имам таа чест и одговорност да бидам главен и одговорен уредник на нашето сега веќе ребрендирано списание „Мобилност“. Мојата обврска да Ве известувам навремено за сите актуелни настани и теми ќе биде во секој случај полесна само доколку се воспостави една добра соработка меѓу нас уредниците и Вас читателите. Јас очекувам во наредните броеви Вие со своите прилози активно да учествувате во креирањето на весникот за да го одржиме континуитетот на добри и актуелни теми содржани во ова наше гласило. Секој допис од вас ќе биде разгледан со најголемо внимание и доколку е во функција на известувањето на членовите ќе биде објавено и сите читатели ќе имаат можност да се запознаат со вашите размислувања, предлози и активности.

Инаку, во изминативе неколку месеци се случија повеќе настани од кои јас би се задржал, во овој мој уводник, само на неколку кои ме поттикнаа на размислување како и што да се прави во наредниот период.

Интересен настан се случи кога беше одржан традиционалниот пикник на рекреативното езеро Треска крај Скопје. Тогаш од страна на „Мобилност Македонија“ беше организирано потпишување на петиција на сите присутни инвалиди на тој пикник, а со цел да се поттикне побрзото решавање на проблемите на лицата со телесна инвалидност. Интересно е дека оваа петиција, која беше безрезервно потпишана од страна на сите присутни телесни инвалиди, не ни стигна до оној за кого беше насловена. Медиумите присутни на овој настан ја пласираа оваа информација и веднаш по ова имаше реакција од министерот при Министерството за труд и социјална политика кој самиот побара да се состане со нашите претставници на Сојузот и да започне дијалогот за решавање на проблемите со кои се соочуваат овие инвалиди.

За овие настани секако дека читателите се добро запознати како преку социјалните мрежи така и преку личните контакти со раководството на „Мобилност Македонија“. Радува фактот што дијалогот конечно започна и на министерот а преку него и на целата Влада на Република Македонија им се пренесени нашите барања за решавање на проблемите со кои се соочуваме и начините на решавањето. Нашите барања во секој случај се оправдани и не се нереални а се во рамките и духот на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со инвалидност, која од страна на нашата држава е ратификувана и со самото тоа претставува дел од нашето законодавство. Имплементацијата на оваа Конвенција мора да тече во наредниот период со забрзано темпо барем во областите каде што не се неопходни поголеми парични средства затоа што се наближува времето кога според Опциониот протокол, кој е составен дел на Конвенцијата, Република Македонија ќе треба да поднесе извештај до соодветниот Комитет на ООН задолжен за следење на имплементацијата на оваа Конвенција. Се надеваме дека во тој извештај Република Македонија ќе има со што да се пофали и дека е направен напредок во подобрување на правата на лицата со инвалидност.

Многу наскоро повторно се случи, според мене, нешто што охрабрува и некако не насочува како треба во иднина да реагираме при обидите на ограничувањата и намалувањата на нашите права. Власта одлучи да им го укине веќе доделеното право за користење на мобилност на лицата кои тоа го заслужиле согласно со критериумите во Законот за социјалната заштита и подзаконските акти со кои се регулира ова право само затоа што

тие биле сместени во специјални установи за згрижување на најтешките инвалиди. Тука, пред сè, беа засегнати нашите членови сместени во домот во Банско крај Струмица. Револтот на нашите членови беше оправдан и соодветно изразен преку средствата за јавно информирање. Јавноста беше анимирана и благодарение на неповолните реакции во јавноста и во „Мобилност Македонија“, а преку дијалог со министерот, се дојде до праведно решение – Министерството да иницира промена на Законот за социјалната заштита и ова право да биде повторно вратено на овие лица кои секако го заслужуваат. Нивната потреба од мобилност и секојдневни контакти со роднини, пријатели и социјално општење е евидентна и не може правото да им се ограничи затоа што биле сместени во установа, а таа установа не може да им ги задоволи сите нивни потреби од мобилност како што можат тие самите благодарение на овој додаток.

Во континуитет на овие настани се случи и уште едно потпишување на петиција од страна на телесните инвалиди. Овој пат беше искористена трибината на тема „Мултипла склероза “ која се одржа во Битола. На оваа трибина учествуваа членови на скоро сите здруженија на телесни инвалиди во составот на „Мобилност Македонија“. Овој пат револтот на телесните инвалиди го предизвика политиката на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, односно на Инвалидската првостепена комисија која е многу рестриктивна во доделување на инвалидските пензии, а и за некои други права кои се остваруваат преку оваа Комисија. Инвалидите соочени со неможноста да остварат право на инвалидска пензија се организираа според погоренаведените примери и потпишуваа петиција која треба да биде понатаму проследена до надлежниот Фонд, како и до други државни органи и институции.

Овие наведени примери покажуваат дека расте незадоволството на телесните инвалиди поради лошата состојба во која се наоѓаат и бавното остварување на правата. Сега основано се поставува прашањето како да се продолжи понатаму? Дали да се организираат вакви организирани облици на изразување на незадоволство, дали тоа да се прави со јавно искажување на револтот и несогласувањето со политиките преку средствата за информирање или да се оди со политика на долго и упорно преговарање со претставниците на власта во разни форуми и заеднички комисии или, според мене, најдобро ќе биде да се оди со комбинирани методи во зависност од ситуацијата и чувствителноста и ургентноста на проблемот. За сето ова во наредните денови ќе треба да се дискутира на Управниот одбор на „Мобилност Македонија“ кој е единствен овластен да ги спроведува и канализира политиките во Сојузот, а се во интерес на целото членство. Притоа, треба да сме многу внимателни да не предизвикаме со некој радикален потег или неоснованост и нереалност во барањата, реакција на власта која ќе наштети на нашите интереси. Опасно е ако власта во нас не препознае партнер со кого треба да се разговара и да се преговара при креирањето на политиките во оваа област каде што ние дејствуваме.

На крај би сакал да го споменам и последниот значаен настан кој се случи во последниот месец. Владата на Република Македонија одлучи до крајот на годината да вработи 300 лица со инвалидност во јавниот сектор. Оваа одлука секако е за поздравување бидејќи целосно е во согласност со нашите оправдани барања за вработување на лица со инвалидност и во јавниот сектор. Ова е прв ваков пример во досегашната наша историја и е директна имплементација на Конвенцијата која, меѓу другото, бара и вработување на инвалидите во јавниот сектор. Досегашната практика беше да се вработуваат инвалидите само во заштитни трговски друштва или самите да се вработуваат реализирајќи сопствен бизнис. На овој начин се вршеше своевидна гетоизација на овие лица кои како да беа осудени да се вработуваат само во заштитните друштва, а државната администрација и јавните претпријатија беа мислена именка за најголемиот дел од нас. Ретки примери на вработени во државен орган како мене, сепак, не се вработени како инвалиди туку како здрави лица, а по сопствена заслуга, со упорен труд и соодветно образование и, секако, со голема доза на среќни околности во животот и опкружувањето. На сите наши невработени членови кои ќе конкурираат им пожелувам успех при вработувањето и да се надеваме дека наредната година ќе ја дочекаме со многу подобра состојба во оваа област.

Со надеж дека ќе ги исполнам вашите очекувања и дека ќе имам добра соработка со читателите во наредниот период ќе ја извршувам оваа функција согласно со распоредот за работа на Уредувачкиот одбор.

Митко Фидановски

ОДРЖАНА XI СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА

На 26.9.2013 година, во ДХО „Даре Џамбаз“ беше одржана XI-та седница на Управниот одбор на „Мобилност Македонија“ на која беа поставени и дискутирани повеќе прашања од интерес на сојузот, здружените членки и самите членови – лица со телесен инвалидитет.

На седницата беа донесени повеќе одлуки и заклучоци меѓу кои:

– Беше усвоен Записникот од претходната седница на Управниот одбор одржана на 26.3.2013година;

– Од страна на претседателот на Сојузот беше поднесена информација за реализираните активности во изминатиот период, и тоа: одржана IV ликовна колонија со учество на 15 уметници од земјата и од странство; аплицирање на проекти за премостување на архитектонски бариери во основни и средни училишта, како и во градинките во соработка со Здружението за одржлив развој и соработка „Алка“ и за креативни работилници со „Естек“ на кои, за жал, иако бевме солидно оценети, не успеавме да ги добиеме; учество со свои претставници на проект „Инклузивен пазар на трудот за инвалидни лица“; добиена донација на ортопедски помагала од американска невладина организација преку Црвен крст на град Скопје; одржана тематска работилница во Дебар; одржани XXV републички спортски игри во Струга и во Охрид; одржана масовна средба на членови во природа во СРЦ „Трескa“ – Скопје со присуство на преку 400 наши членови на која меѓу другите рекреативни содржини од страна на членовите се пристапи кон потпишување на Петиција со која беше искажано незадоволството на членовите за бавноста, неефикасноста и инертноста на институциите на државата при решавање по наши барања за подобрување на правата и положбата на лицата со телесен инвалидитет во Република Македонија; остварена работна средба со министерот за труд и социјална политика Диме Спасов; остварена работна средба со Слободанка Лазова-Здравковска, претставник од Министерство за труд и социјална политика назначена од страна на министерот Спасов за конкретни преговори во однос на нашите доставени барања; извештај од учеството на нашата делегација на VIII меѓународен музички фестивал во Поморје, Бугарија; остварениот разговор со министерот Диме Спасов на 2.9.2013 година во врска со враќање на правото на додаток за мобилност за лицата сместени во установите, како и остварување на правото на додаток за мобилност за лица кои се движат исклучиво со инвалидска количка, а самите не можат

„МОБИЛНОСТ МАКЕДОНИЈА“

да ја туркаат и да ја управуваат (квадриплегија, потешки облици на мултиплекс склероза, дистрофија и други сродни невромускуларни заболувања);

– Беше разгледана и усвоена Програмата за работа на „Мобилност Македонија“ за 2014 година, како и Финансовиот план за потребни средства за спроведување на програмските активности на Сојузот во 2014 година;

– Беа избрани два претставника од „Мобилност Македонија“ за состав на Националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност во Република Македонија во мандатен период 2013-2017 година, и тоа претседателот Бранимир Јовановски и членот на Управниот одбор д-р Нико Јанков;

– Да се одржи втора тематска работилница годинава во октомври во Битола на тема „Мултиплекс склероза“;

– Да се одржи турнир во табла во Тетово на 16.11.2013 година;

– Да се подготват каталози, покани и плакати за организирање на IV-тата изложба на слики на 2.12.2013 година во „Порта Македонија“, а по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на лицата со инвалидност – 3 декември;

– Да се покријат трошоците на делегацијата на „Мобилност Македонија“ за учество на VIII Меѓународен музички фестивал во Поморје, Бугарија, за учество на претставници на „Мобилност Македонија“ на Репу-

бличките спортски игри на параплегичари на Србија;

– Претседателот Бранимир Јовановски и членот Новча Тодоровски да учествуваат на меѓународна средба и потпишување на Меморандум за соработка во Словенија од 27.9.2013 до 2.10.2013 година;

– Да се поканат гости од Бугарија и од Србија на 19-тите музички средби (8.11.2013-10.11.2013);

– Да се покријат трошоци за варосување на канцеларијата на Сојузот и да се тапацираат вратите кон сала 5 и кон ходникот;

– Се одобрија барањата од „Мобилност Гевгелија“ да се учествува во трошоците за поставување на ламинат во просторијата; од Михајло Михајлов за еднократна помош; од „Мобилност Прилеп“ за партиципација во трошоци за имотен спор пред Основниот суд во Прилеп;

– Беа потврдени донесените одлуки со електронско гласање, и тоа:

- за избор на претставници од „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски, Ефтимчо Атанасовски и Драгана Стоилковиќ, за учество на меѓународната конференција во Истанбул;

- Бранимир Јовановски, Дејан Ѓорѓиевски и Оливера Наковска-Бикова беа избрани за претставници на „Мобилност Македонија“ во Собранието на Националната федерација за спорт и рекреација на инвалиди на Македонија – Македонски параолимписки комитет (НФСРИМ-МПК), и

- за избор на предлог-решенија за деблокирање на жиро-сметка на „Мобилност Охрид“.

Б. Јовановски

ИЗМЕНИ ВО ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ

Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија има континуирана, а во последно време мошне интензивна комуникација со Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) поднесувајќи повеќе предлози и барања за остварување на право на ортопедски помагала, намалување на партиципација и рокови на користење на истите, како и за зголемување на референтни цени. За таа цел беа остварени и две средби со директорот Џемали Мехази, а во очекување сме да оствариме средба и со директорката Маја Парнарџиева-Змејкова. Во истиот период ФЗОМ интензивно работеше на подзаконските акти за остварување на права за ортопедски помагала согласно со барањата кои ги имаа од нашиот Сојуз, здруженија на пациенти, здравствени установи и осигуреници. Фондот за здравствено осигурување излезе во пресрет на голем број од овие барања и направи определени измени на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала. Овие групи на измени придонесуваат до поголеми права на осигурениците кои ги користат ортопедските помагала, а наедно значат фискални импликации кон ФЗОМ во вредност од околу 15 милиони денари годишно. Фондот на 21.7.2013 година ги објави измените на овие групи на ортопедски помагала меѓу кои и на оние кои се донесени согласно со нашите иницијативи и се од корист за нашите членови:

– Намалување на утврдениот рок на употреба на ортопедските помагала – протези за долни екстремитети од 36 на 24 месеци за возрасна група од 18 до 65 години (по барање од Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија).

– Намалување на утврдениот рок на употреба на ортопедско помагало – миоелектрична протеза од 36 на 24 месеци за возрасна група од 6 до 18 години (по барање на осигуреници и здравствени установи).

– Намалување на партиципацијата за надколените и подколените ортози од 100,00 денари на 10,00 денари (Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија).

– Намалување на утврдениот рок на употреба на ортопедските помагала – ортопедски чевли за возрасната група од 0 до 7 години со скратување на рокот од 12 на 6 месеци, и за возрасната група од 7 до 18 години со скратување на рокот од 12 на 9 месеци (по барање од Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија и осигуреници).

– Дополнување на начинот на изработка за ортопедските помагала – подколен апарат со скочен зглоб и метална сандала и Радијалис апарат со сериски со приспособување (по барање на ортопедски куќи).

- Дополнување на начинот на пропишување на ортопедското помагало – надколена корективна лонгета со корекција на контрактури во колено и скочен зглоб со специјалност хирург (по барање на Универзитетска клиника за хируршки болести „Св. Наум Охридски“ – Скопје).

Во своето соопштение ФЗОМ вели: „Се надеваме дека овие измени ќе придонесат до поквалитетен живот на овие групи на осигуреници и ќе им се овозможи непречено соочување со секојдневните предизвици, барем во овој домен на ортопедски помагала. **Вкупен**

НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

број на осигуреници кои се опфатени годишно со овие олеснувања изнесува 7700 осигурени лица. Би сакале да напоменеме дека редовните контакти со здруженијата на пациенти, Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија, како и размислувањата на поединци-корисници на ортопедски помагала, во овој сегмент многу му помагаат на ФЗОМ за да може да им излезе во пресрет на начинот на добивање и користиње на ортопедските помагала".

Детално образложение по групи:

1. Намалување на утврдениот рок на употреба на ортопедските помагала – протези за долни екстремитети од 36 на 24 месеци за возрасна група од 18 до 65 години.

Според образложението на националниот сојуз „Мобилност Македонија" станува збор за активни корисници кој поради секојдневните обврски се постојани корисници на протезата од 12 до 14 часа во текот на денот, а дел од нив се и во работен однос или на школување што доведува до значително побрза амортизација на овие ортопедски помагала. По извршена компаративна анализа на Комисијата за ортопедски помагала за роковите на овој вид на помагала во референтните земји – Р. Србија , Р. Хрватска и Р. Словенија е констатирано дека рокот на овие помагала во овие земји е 24 месеци, што е за 12 месеци пократок рок во однос на Р. Македонија. Врз основна на бројот на заверени потврди за протези за долни екстремитети во тековната 2010, 2011 и 2012 година и утврден просек од 627 заверени потврди за овие помагала е направена финансиска анализа за дополнителните средства кои Фондот ќе биде потребно да ги издвои доколку се усвои скратувањето на рокот за овие помагала. Од финансиската анализа се утврди дека дополнителните парични средства кои би требало да бидат издвоени со скратување на рокот на ортопедските помагала – протези за долни екстремитети од 36 на 24 месеци за возрасната група од 18 до 65 години на годишно ниво би изнесувале околу **4.001.325,00 денари.**

2. Намалување на партиципацијата за надколените и подколените ортози од 100,00 денари на 10,00 денари.

Најголем дел од корисниците на надколените и подколените ортози се со тешка здравствена состојба како што е церебралната парализа за кои се неопходни

овие помагала, поради што Комисијата за ортопедски помагала смета дека партиципацијата треба да биде минимална, односно истата да биде намалена од 100,00 денари на 10,00 денари. Целосно ослободување од партиципација за овие помагала не е можна, бидејќи истата не е предвидена во Законот за здравственото осигурување, а сепак помагалата се неопходни за функционирање на осигурениците. Со оваа предлог-мерка Фондот им излегува во пресрет на финансиски загрозените осигуреници. Врз основа на утврден просек од заверени потврди за овие помагала во изминатите три години е извршена финансиска анализа и притоа е констатирано дека се потребни дополнителни финансиски средства кои би изнесувале околу **102.930,00 денари** на годишно ниво.

3. Намалување на утврдениот рок на употреба на ортопедските помагала – ортопедски чевли за возрасната група од 0 до 7 години со скратување на рокот од 12 на 6 месеци, и за возрасната група од 7 до 18 години со скратување на рокот од 12 на 9 месеци.

Во доставените дописи од страна на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија, со предлог-измени во Правилникот меѓу останатите барања доставено е барање за скратување на рокот на употреба на ортопедските чевли за возрасната група од 0 до 7 години од 12 на 6 месеци, а за возрасната група од 7 до 18 години скратување на рокот од 12 на 9 месеци. Според мислењето на Комисијата за ортопедски помагала, со оглед на фактот дека станува збор за возрасна категорија во период на постојан раст и развој, а со тоа и промена на величината на стапалото се оправдува потребата од скратување на рокот на ортопедско помагало – ортопедски чевли**.** По извршената финансиска анализа се утврди дека дополните парични средства кои би требало да бидат издвоени со скратување на рокот од 12 на 6 месеци за возрасната група од 0 до 7 години и скратување на рокот од 12 на 9 месеци за возрасната група од 7 до 18 години на годишно ниво би изнесувале околу **6.334.068,00 денари**.

Измените на Правилникот стапија во сила од 12.11.2013 година. Искрено не радува што нашите заложби вродија со плод. За останатите барања, како што се: доплата на ортопедско помагало над референтна цена и право на електромоторна инвалидска количка да не се врзува со работен однос или редовно школување, останува да се изборите во најскоро време.

Б. Јовановски

МЕЃУНАРОДНА СРЕДБА НА ПАРАПЛЕГИЧАРИТЕ И

Сојузот на параплегичари на Словенија од 27.9.2013 до 2.10.2013 година во Домот на параплегичари во Пацуг, Словенија, организираше меѓународна средба помеѓу организациите кои на национално ниво ги здружуваат параплегичарите и тетраплегичарите во Југоисточна Европа, со цел зајакнување на меѓусебната соработка и подобрување на правата и положбата на параплегичарите и тетраплегичарите во овој дел од Европа.

На средбата учествуваа по двајца претставници од националните организации кои ги здружуваат параплегичарите и тетраплегичарите од: Словенија, Хрватска, Србија, Босна и Херцеговина, Македонија, Црна Гора, Косово и Албанија. Средбата имаше работен карактер и сите учеснички имаа можност да ја претстават моменталната положба во областа на правата и положбата на параплегичарите и тетраплегичарите, што е сторено, кои барања се во постапка и кои се долгорочните цели и активности на ова поле.

Република Македонија на оваа средба ја претставуваа претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски и членот на Сојузот од редот на параплегија, Новча Тодоровски. Во тродневната работна атмосфера беа разменети искуства, методи на дејствување, како и мерките кои се преземаат за подобрување на положбата од областа на здравството, социјалната политика, образованието и вработувањето на оваа кате-

ОРГАНИЗАЦИИ КОИ ГИ ЗДРУЖУВААТ ТЕТРАПЛЕГИЧАРИТЕ ВО ПАЦУГ, СЛОВЕНИЈА

горија на граѓани. Особен акцент беше ставен на пристапноста за што беше организиран посебен состанок во Градската куќа во Љубљана каде што ни беше презентиран проектот „Љубљана без бариери“, како награда која градскиот Совет ја има добиено во конкуренција на повеќе европски градови.

Во своето излагање, Бранимир Јовановски истакна дека пристапноста е една од поважните теми на која „Мобилност Македонија“ обрнува големо внимание бидејќи оневозможување на некого самостојно и слободно да се движи и комуницира, значи истиот да се исклучи од сите општествени текови. Ако земеме предвид дека казните за најтешките кривични дела се состојат токму во ограничувањето на слободата на движењето, комуникацијата и размена на информации, во психолошки и материјален поглед за лицата со потежок телесен инвалидитет тоа би значело дека истите без никаква вина се осудени на најтешки казни. Иако на оваа тема се одржани бројни меѓународни конференции и истражувања, мораме да признаеме дека во повеќето градови во Македонија пристапноста сè уште преставува основен лимитирачки фактор за потполна инклузија на лицата со телесен инвалидитет во општеството. По негово лично убедување, институциите како на локалната самоуправа, така и на државно ниво, воопшто не треба да го поставуваат прашањето дали отстранувањето на архитектонските бариери и овозможувањето на пристапноста има економска оправданост или не. Светската здравствена организација смета дека 15% од населението има некаква инвалидност. Секако дека сите лица со инвалидност немаат тешкотии во движењето и проблем со архитектонските бариери, но сме убедени дека значителен дел има. Најзагрозена група се лицата кои без инвалидска количка не можат да се движат. Поради непристапната околина, овие луѓе се приморани да живеат анонимно, изолирано, како граѓани од втор ред надвор од сите општествени текови. Проблемот кој лежи во основата на сите други нивни проблеми е движењето, поточно кажано неможноста за движење и тоа не со своите сопствени нозе, бидејќи со тоа веќе се помириле, туку со инвалидска количка со што не би требало ниту, пак, смеат да се помират ниту тие, ниту општеството во кое живеат. И тука воопшто не е важна бројката колку не има. На крајот од краиштата и да се работи само за една личност, се поставува прашањето дали некој има право да го осуди на социјална изолираност и физичка и духовна болка. Секако

дека одговорот е негативен, а со самото тоа одговорните лица на државно и на локално ниво конечно мора да ги преземат сите мерки за оваа состојба да се елиминира. На тоа ги обврзуваат постоечките закони, правилници и пред сè и над сè Конвенцијата на ООН за правата на лицата со инвалидност која сега веќе сите земји од нашето опкружување, вклучително и Република Македонија, ја имаат ратификувано. Правилото број 5 од Стандардните правила на ООН за изедначување на можностите донесени 1993 година и член 9 на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со инвалидност, детално ги опишуваат мерките со кои треба да се идентификуваат и отстранат пречките кои ја лимитираат пристапноста особено во: згради, патишта, превоз и други внатрешни и надворешни објекти вклучително училишта, станбени објекти, медицински објекти и работни места, информации, комуникации и други услуги, вклучително електронски услуги, служби и сервиси за случај на вонредни состојби и слично.

Пошироко гледано, не само лицата со телесен инвалидитет кои потешко се движат се соочуваат со бариерите во опкружувањето, со нив се соочуваат и други категории на граѓани на кои исто така ретко се помислува, како што се: бремени жени, родители со мали деца, мали деца, возрасни и болни лица.

За време на меѓународната средба, учесниците беа примени од градоначалникот на општина Пиран, Петер Босман, од претседателот на Националниот совет на инвалидски организации на Словенија, Борис Шуштарчиќ и од директорот на Фондацијата за финансирање на инвалидски и хуманитарни организации (ФИХО), Штефан Кушар.

Под покровителство на претседателот на Република Словенија, Борут Пахор и министерот за надворешни работи на Република Словенија, Карл Ерјавец, заинтересираните страни за време на конференцијата потпишаа Меморандум за меѓународна соработка помеѓу инвалидските организации. Во името на „Мобилност Македонија“, меморандумот го потпиша претседателот Бранимир Јовановски.

Со меморандумот нашата организација се декларира како хуманитарна, доброволна, општествено одговорна и стручна организација која ги претставува, чува и спроведува правата и интересите на параплегичарите

и тетраплагичарите од Македонија на локално, национално и на меѓународно ниво, препознавајќи дека:

– можеме да бидеме уште поуспешни при обезбедувањето најквалитетни услуги на нашите членови;

– за сеопфатен развој на областа се потребни продлабочена анализа и поефикасно препознавање на тешкотиите и на предизвиците со кои се соочуваат инвалидските организации во поодделни држави;

– за подобар степен на вклученост на параплегичарите и на тетраплегичарите во општеството се потребни висок степен на разбирање и чувствителност на околината кон предизвиците со кои се соочуваат параплегичарите, тетраплегичарите и нивните семејства;

– за подобра системска интеграција на областа е потребно да се имплементираат квалитетни решенија на нормативно ниво;

- за подобри услови за остварување на правата на параплегичарите и тетраплегичарите е потребен погодлем слух од меѓународните институции и од главните носители на одлуки во одделните држави на Југоисточна Европа.

Ние, организациите потписнички ќе вложиме напори:

1. Меѓусебно да разменуваме податоци и анализи од националните прописи што се однесуваат на параплегичарите и тетраплегичарите, како и погледите и нормативните насоки во одделни држави;

2. Меѓусебно ќе споделуваме искуства од добрата практика при изведување на одделни програми на инвалидските организации;

3. Ќе развиваме меѓусебна соработка на полето на здравствената и социјалната заштита при заштитата на параплегичарите и тетраплегичарите;

4. Ќе воспоставиме мрежа за размена во културната и спортската сфера, и

5. Ќе овозможиме заемна употреба на капацитетите во сопственост или управување на организациите потписнички, во намера за одмор, образование и рехабилитација на корисниците на нашите услуги.

На крајот се вели дека со намера за извршување на наведените начела, ќе го координираме заедничкото работење на националните организации кои ги здружуваат параплегичарите и тетраплегичарите од заинтересираните држави.

Меѓу состаноците и презентациите, беше организирана и демонстрација на рачни команди за возила со автоматски менувач на брзини, како и демонстрација на нуркачките вештини на параплегичарите на Словенија.

Земјите-учесници се договорија по можност секоја година, или барем на две години, да се организираат вакви средби на кои ќе се раменат искуствата и методологиите во остварувањето на правата и подобрувањето на положбата на параплегичарите и тетраплегичарите и ќе се зајакне настапот на националната инвалидска организација пред институциите во матичните држави.

Б. Јовановски

УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА ВО БОСНА

На покана на инвалидските здруженија и сојузи на Унско-санскиот кантон, четворица претставници на „Мобилност Македонија“ присуствуваа на седмата меѓународна конференција за статусот и правата на лицата со инвалидност. Составот на екипата беше Васил Томов, Рашо и Живка Талунџиќ и Горан Војновски.

Конференцијата се одржа во рамките на кампањата „Да дејствуваме заедно“ која ја спроведува Коалицијата за стратегија и изедначување на можностите и правата на лицата со инвалидност на Унско-санскиот кантон.

Конференцијата се одржа на 23 и 24 октомври 2013 година во Сански Мост, хотел „Златна долина“, а гостите од другите места беа сместени во хотел „Санус“.

Бевме сведоци на една огромна манифестација, која на едно место ги собра организациите на лицата со инвалидност (без разлика на видот и степенот на инвалидизираност) од цела Босна и Херцеговина, од Србија, Хрватска и од Македонија.

Сериозноста на организаторот се огледа во фактот што на дневен ред беа поставени 13 теми од разни области, како што се: предвременото породување како најчеста причина кај децата за пречки во развојот, инвалидизираноста и професионалната рехабилитација на лицата со инвалидност во БиХ, квалитетот на живеење на децата и адолесценти во Мостар, ресурсни центри во функција на унапредување на инклузивноста, жената со инвалидитет – вчера, денес и утре, социјално претприемништво, образовната инклузија како дел од социјалната инклузија и други теми кои се интересни за лицата со инвалидност во БиХ но и пошироко, па и за нас. Гостите од регионот зборуваа на теми како што се правната положба на лицата со инвалидност во Србија, искуства од Хрватска и услуги и права од социјалната заштита за лицата со инвалидност во Македонија.

Одржувањето на конференцијата го поздравија многу функционери од кантоните на БиХ, претставници на институции кои имаат релевантни ингеренции, претставници на јавни установи, а излагачи на темите беа доктори на науки, магистри, професори, дипломирани дефектолози, стручни советници...

Домаќин на конференцијата беше Јусмир Алибабиќ, а конферансие на програмата беше Енес Алибеговиќ (двајцата се лица со инвалидност – слепи лица).

Темите беа одлично обработени од страна на излагачите од секој аспект професионално и добивме одличен впечаток за состојбите во БиХ, Хрватска и Србија. Србите се пофалија дека ги задржале правата и бенефитите од поранешната СФРЈ, Хрватите ни го пренесоа сопственото искуство со персоналните асистенти кое и нам во Македонија ни е насушно потребно. Босанците се разочарани што се расцепкани и поделени и државата многу лесно се откажала, т.е. им укинала одредени права на лицата со инвалидност и при-

И ХЕРЦЕГОВИНА

тоа без да им компензира со давање нови права. Меѓутоа кај нив е забележливо многу ентузијазам, енергија и желба да се борат за подигнување на правата и услугите кои ги бараат. Верувам дека за нив беше интересно да слушнат за правата кои нам ни се нудат, односно за кои пред сè ние од „Мобилност Македонија“ се изборивме за правото на слепило/мобилност, кое беше опфатено во мојата презентација на услугите и правата на лицата со инвалидност во Македонија.

Особен впечаток ми остави мене, а верувам и на сите присутни, излагањето на извршната директорка на здружението „Лотосице“, госпоѓа Ениса Братановиќ, на тема „Жената со инвалидитет – вчера, денес и утре“. Излагањето ја отслика состојбата на жена со инвалидитет во БиХ, проблемите и потешкотиите со кои се соочува, сето тоа изложено на многу пластичен јасен начин од страна на излагачот. Забележливо е дека сето кажано од збор до збор може да се каже за состојбата на жена со инвалидитет во Македонија, истите проблеми, потешкотии, стереотипи со кои се соочува и низ кои минува и мора да ги совладува, почнувајќи од адолесцентност, младост, брак и формирање семејство.

Нашиот општ впечаток е дека состојбите со правата и статусот на лицата со инвалидност насекаде низ регионот на поранешна СФРЈ се на приближно исто ниво. Многу мали се спецификите кои се изградени низ минатите години како што е персоналниот асистент во Хрватска или додатокот за мобилност кај нас.

Заклучок е дека не смее да се застане во борбата за остварување права и бенефити за лицата со инвалидност. Црпењето на идеи, градењето на стратегии е можно преку одржување заеднички работни средби, семинари, конференции, увид во искуството на другите во однос на употребените средства, начини и методи за остварување на целите на организациите на лицата со инвалидност.

Останува на нас да продолжиме во настојувањата за подигање на квалитетот на живеење на лицата со инвалидитет и да ги употребиме сите расположливи ресурси во остварување на програмските цели и задачи, но и повеќе од тоа. Соработката со организации од регионот треба да продолжи и притоа не треба само да бидеме гости на конференции во организација на други здруженија туку и самите да бидеме организатори за што имаме несомнен капацитет и ресурси.

Васил Томов

Делегација на Мобилност Македонија на меѓународна конференција во Истанбул, Турција

Меѓународна конференција на тема “Човекови права на лицата со инвалидност на Балканот и во Турција” се одржа во Истанбул од 09-11.10.2013 година. Конференцијата беше организирана од Европската комисија, TAIEX, „People 2 People Programme” и Европскиот форум за инвалиди (ЕДФ), а посебен фокус на конференцијата беше ставен на искуствата од имплементацијата на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со инвалидност во државите од Западен Балкан и Турција, но и искуствата од земјите членки на Европската Унија.

Во состав на десетчлената делегација на Националниот совет на инвалидските организации на Македонија беа и тројца претставници на Мобилност Македонија: Бранимир Јовановски, Ефтимчо Атанасовски и Драгана Стоилковиќ.

Оваа конференција се фокусираше на практичната имплементација и начините на следење на Конвенцијата од страна на организациите на лицата со инвалидност во регионот. На оваа конференцијата се обрна посебно внимание на правата на најранливите, како што се жените со инвалидност, деца, млади и лица кои имаат потреба од високо ниво на поддршка. Главната цел на овој настан беше да се подобри имплементацијата на Конвенцијата преку зајакнување на капацитетите на орга-

низациите што ги претставуваат лицата со инвалидност во однос на нивната улога во мониторингот на Конвенцијата на ООН како што е предвидено со членот 4 став 3. Настанот овозможи размена на најдобрите практики од различни земји во регионот и земјите од Европската Унија.

Трите работни дена беа исполнети со многу теми и излагачи. Првиот работен ден за значењето на Конвенцијата и предизвиците на Западниот Балкан и Турција говореа: претседателот на ЕДФ, Јанис Вардакастанис, членот на Комисијата за следење на Конвенцијата при ООН, Дамјан Татиќ и претставникот на Советот на инвалидските организации на Данска, Стиг Лангвад. За другите инструменти на човекови прва во однос на лицата со инвалидност на Западен Балкан и Турција, UPR, CEDAW и CSCER зборуваа: Елен Волкер од Меѓународната алијанса за лица со инвалидност и Ана Пелаез, членот на Комитетот на ОН за CRPD (Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност). За Европската унија, процесот на проширување и IPA II – Анализи и перспективи на Конвенцијата говореа: Софи Бемон од делегацијата на ЕУ на Косово, Суад Захировиќ од организацијата Лотус од Босна и Херцеговина и Верена Кнаус од UNICEF Брисел.

Се редеа темите и излагачите и вториот и третиот работен ден. Која од која поинтересна и позначајна за движењето. Останува впечатокот дека Националниот совет на инвалидските организации на Македонија заедно со своите седум здружени членки, национални инвалидски организации, ќе мора во иднина да презема поактивни мерки како по вертикала, во соработката со ЕДФ и другите меѓународни организации, така и по хоризонтала, меѓусебно и со институциите на државата, со една единствена цел: подобра, поуспешна и побрза имплементација на мерките пропишани во Конвенцијата на ООН за правата на лицата со инвалидност во подобрувањето на правата и положбата на лицата со инвалидност во Република Македонија

Б. Јовановски

XVIII ХРВАТСКИ СИМПОЗИУМ ЗА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ

Во конгресната сала на хотелот „Холидеј“ во Загреб, Хрватска, на 11.11.2013 и 12.11.2013 година се одржа XVIII хрватски симпозиум на лица со инвалидност со меѓународно присуство (Македонија, Словенија, Финска, БиХ и Република Српска), а под покровителство на Претседателот на Република Хрватска, Иво Јосиповиќ, Министерството за труд и социјална политика на Хрватска и градоначалникот на Загреб, Милан Бандиќ.

На симпозиумот учествуваше и делегација од Националниот совет на инвалидските организации на Македонија (НСИОМ) во состав: Бранимир Јовановски од „Мобилност Македонија“, Драган Дојчиноски од цивилните инвалиди од војната на Република Македонија и Чедомир Трајковски и Владо Крстовски од Републички центар за поддршка на лицата со интелектуална попреченост „Порака“.

Темата на овој симпозиум беше „Конвенцијата на ООН за правата на лицата со инвалидност, пет години подоцна – каде сме и кои ни се целите“. Во името на НСИОМ, во попладневната сесија првиот работен ден, Бранимир Јовановски имаше чест и обврска да ја изложи состојбата во Република Македонија по ратификацијата на Конвенцијата, остварените права, но и проблемите со кои се соочуваат лицата со инвалидност во Република Македонија, пред сè во однос на пристапност, здравство, социјална политика, образование и вработување. Во своето излагање, Бранимир Јовановски најнапред ја објасни структурата на НСИОМ, улогата и составот на Националното координативно тело за еднакви права на лицата со инвалидност во Република Македонија, како и новоформираното Национално координативно тело за спроведување на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност за кое НСИОМ смета дека не го исполнува став 3 од член 4 од Конвенцијата бидејќи само едно лице од НСИОМ е претставник во тоа тело. Ние сметаме дека треба да има барем по еден претставник од националните инвалидски организации на слепите, глувите, телесните и интелектуално попречените лица во истото.

Во натамошниот тек на излагањето беа потенцирани активностите кои НСИОМ ги има преземено за подобрување на правата и положбата на лицата со инвалидност во Република Македонија. Донесениот Закон за инвалидски организации со кој се стави ред во прашањето која организација има право да ги претставува и застапува лицата со инвалидност пред институциите на државата и во меѓународните асоцијации, закон кој иако го регулира финансирањето, не ја подобри положбата со финансирањето бидејќи повеќе од десет години наназад националните инвалидски организации и НСИОМ како покривна ор-

ганизација примаат ист номинален износ на средства кој во изминатите годините големиот пораст на цени го има добро девалвирано и истиот не е доволен за реализација на традиционалните програмски задачи, а не пак за воведување на други програмски задачи или, пак, за инвестиции.

Националниот совет на инвалидските организации на Македонија имаше активна улога во изработката на Националната стратегија за изедначување на можностите на лицата со инвалидност (ревидирана) 2010-2018 година и Оперативниот план за спроведување на Националната стратегија, а здружените членки самостојно или со заедничко дејствување успеаја да донесат повеќе закони или измени и дополненија на законите, како што се Законот за употреба на знаковниот јазик, измени и дополненија на Законот за социјалната заштита и воведувањето на правото на додаток за слепило и мобилност од јули 2012 година, воведување на додаток за глувост од 1.1.2014 година, потоа подобрување на Правилникот за индикации за остварување на правото на ортопедски и други помагала каде што од 12.11.2013 година се применува правото на намалени рокови за набавка на протези за долни екстремитети за популацијата од 18 до 65 години од 36 на 24 месеци, како и други привилегии, меѓутоа сè уште чекаме да се промени одлуката за доплата на ортопедски помагала над референтната цена, како и правото за инвалидски колички на електромоторен погон да не се врзува за школување или работење. Потоа, сè уште се работи на правото за изедначување на надоместоците на биолошкото и згрижувачкото семејство кога се работи за лицата со интелектуална попреченост кои сега се 60 евра спрема 200 евра кои ги примаат згрижувачките семејства, што воопшто не е ниту разбирливо, ниту прифатливо за биолошките семејства. Националниот совет на инвалидските организации на Македонија зема активна улога и во обезбедување на пристапноста на лицата со инвалидност и тоа не само во физичкото опкружување, платформи, лифтови, тактилни површини, адаптирани тоалети, звучна и светлосна сигнализација, туку и пристап до медиуми, интернет-страниците на институциите на државата, адаптирани образовни програми со опфаќање на модерни занимања во училиштата за слепи и глуви лица и слично.

Радува податокот дека НСИОМ по повод одбележувањето на Меѓународниот ден на лицата со инвалидност – 3 декември ќе организира тркалезна маса на која ќе имаме можност пред претставниците на министерствата да проговориме за правата и положбата на лицата со инвалидност во Република Македонија, како и што до сега е сторено во однос на имплементацијата на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со инвалидност, две години по нејзината ратификација во Собранието на Република Македонија на 5.12.2011 година.

Б. Јовановски

19-ти Републички квиз-натпревар за лица со телесен инвалидитет

Малата сала на хотелот „Цар Самуил“ во с. Банско, Струмица, од 8.11.2013 до 10.11.2013 година беше претворена во арена во која се одвиваа дводневните борби меѓу 17 екипи учеснички на 19-тиот Републички квиз-натпревар за лицата со телесен инвалидитет на Македонија, во организација на Националниот сојуз на телесно инвалидизираните лица на Македонија – Мобилност Македонија.

Годинава, Управниот одбор на „Мобилност Македонија“ одлучи да воведе новини во организирањето, одржувањето и наградувањето на Републичкиот квиз-натпревар. Имено, најнапред се донесе одлука да се набави целосно нова апаратура за спроведување на квиз-натпреварот. Се поврзавме со фирма од Велес која и досега ни ги одржуваше компјутерите и интернет-страницата, и за еден месец согласно со нашите барања и инструкции пултовите беа готови да се стават во функција на натпреварот. Со модерни и елегантни дисплеи и мали правоаголни кутии со по четири тастери на секоја од нив, како и еден главен пулт од кој претседателот на комисијата ја координираше работата на пултовите и се грижеше за тајмингот на пријавувањето, опремата се покажа целосно исплатлива и моќна да даде нова димензија во спроведувањето на натпреварот. За разлика од минатите години беше променето и бодирањето, и начинот на одговарање, а вистинско освежување донесе играта брзи прсти во која покрај позитивните поени за точен одговор, екипите за неточен одговор добиваа минусни поени. Сето ова придонесе за поголема динамика и неизвесност, така што во повеќе игри буквално до последен момент не можеше да се предвиди победникот. Во првата игра во која натпреварувачите одговараа со „ДА“ или „НЕ“, согласно со пропозициите, доколку четири екипи дадат точен одговор добиваа по 1 поен, три екипи по 2 поена, две екипи по 3 поени и доколку само една екипа даде точен одговор добиваше 4 поени. Втората игра „1, 2, 3 или 4“, во која за одговор беа понудени четири одговори, согласно со пропозициите, доколку четири екипи дадат точен одговор добиваа по 2 поена, три екипи по 3 поени, две екипи по 4 поени и доколку само една екипа даде точен одговор добиваше 5 поени. Во играта „Музички прашања“, екипите имаа право да се пријавуваат за одговор веднаш откако ќе го слушнат првиот тон од музичкиот инсерт, а одговараа по систем на брзи прсти. За точен одговор добиваа 8 поени, а за неточен им се одземаа -4 поени. Во играта „Финални прашања“, екипите имаа право да се пријават за одговор веднаш откако ќе биде прочитано прашањето, односно откако претседателот на комисијата ќе го ослободи тастерот и стави софтверот за бележење на редослед на одговарање во функција. За точен одговор екипите добиваа 10 поени, а за неточен им се одземаа -5 поени. Во финалето имаше и дополнителна игра „Кој сум јас“, во која беа читани по осум реченици и доколку екипата одговори на првата добива 16 поени и по два помалку за секоја следна реченица.

Со воведените новини, покрај подобрување на динамиката и неизвесноста на играта, „Мобилност Македонија“ повеќе нема потреба да изнајмува пултови и технички персонал за спроведување на квиз-натпреварот со што се намалуваат дел од трошоците за организација на истиот.

Годинава седумнаесет екипи од шеснаесет општински и меѓуопштински здруженија два дена ги одмеруваа силите за да го освојат епитетот на најуспешни квизации од редот на лицата со телесна инвалидност на Македонија за 2012 година. Втора година по ред екипата од „Мобилност Струга“ не учествуваше на натпреварот.

Водител на Републичкиот квиз-натпревар за 2013 година беше авторот на овој текст, Бранимир Јовановски, кој во паузите додека се сумираа поените вметнуваше интересни коментари, шеги, афоризми, и најразлични занимливости, кои едновремено ја намалуваа напнатоста кај учесниците, меѓутоа и ја забавуваа публиката.

Комисијата ја сочинуваа: авторот на прашањата, Зо-

ран Јордановски – претседател на жирито, генералниот секретар на „Мобилност Македонија“, Софче Прчева и генералниот секретар на НФСРИМ-МПК, Драган Дојчиноски, членови на комисијата.

Во согласност со пропозициите, најнапред се изврши ждребувањето за елиминаторното коло и за четирите четвртфинални квизови. За носители на четирите четвртфинални групи беа поставени минатогодишните финалисти, односно екипите на: Скопје I, Охрид, Куманово и Скопје II. Ждребањето го изврши жирито во присуство на претставници од сите екипи. Со оглед на тоа дека во конкуренција беа пријавени 17 екипи, најнапред беше одржано ждребување за елиминаторното коло во кое се сретнаа екипите на: Тетово, Кавадарци, Гевгелија и Прилеп. Една екипа, онаа со најмалку поени, го заврши натпреварувањето, а првопласираните три екипи ги пополнија четвртите места во втората, третата и четвртата четвртфинална група. Најмалку знаење во елиминаторниот квиз-натпревар покажа екипата на „Мобилност Кавадарци“, со освоени 24 поени се пласира на четвртото место и го заврши натпреварувањето.

Во продолжение на првиот натпреварувачки ден беа одржани четирите четвртфинални борби.

Во првата група победи екипата од Велес со 32 поена, второпласирана беше екипата на Радовиш со 22 поена, а борбите ги завршија екипите на Кочани со 21 поен и Скопје I со 10 поени.

Во втората група победи екипата од Струмица со 78 поени, второпласирана беше екипата на Охрид со 53 поени, а борбите ги завршија екипите на Свети Николе со 25 поени и Тетово со 12 поени.

Во третата група победи екипата од Кичево со 30 поени, второпласирана беше екипата на Гевгелија со 28 поени, а борбите ги завршија екипите на Куманово со 22 поена и Дебар со 20 поени.

Во третата група победи екипата од Битола со 55 поени, второпласирана беше екипата на Штип со 42 поена, а борбите ги завршија екипите на Скопје II со 38 поени и Прилеп со 6 поени.

Никој не очекуваше дека повеќекратни победници и медалисти на претходните квиз-натпревари, екипите

на: Скопје I, Скопје II, Кочани, Куманово... ќе испаднат во првото коло.

Првопласираните две екипи од секоја четвртфинална група се пласираа за натамошните борби во полуфиналето. Вториот натпреварувачки ден беа одржани полуфиналните натпревари, како и финалниот натпревар. Во согласност со пропозициите, двете полуфинални групи беа составени по следната формула: во првата полуфинална група првопласираната екипа од првата четвртфинална група, втората од втората, првата од третата и втората од четвртата четвртфинална група, додека втората полуфинална група ја сочинуваа второпласираната екипа од првата четвртфинална група, првата од втората, втората од третата и првата од четвртата четвртфинална група. Со ова беше постигнато избегнување на повторен дуел меѓу две исти екипи, како и рамноправност во квалитетот на екипите бидејќи полуфиналните групи беа составени од по две првопласирани и две второпласирани екипи од квалификациските групи.

Првата полуфинална група ја сочинуваа екипите на: „Мобилност Велес“, „Мобилност Охрид“, „Мобилност Кичево“ и „Мобилност Штип“. По завршување на

четирите игри, екипите на „Мобилност Охрид“ со освоени 54 поени и на „Мобилност Велес“ со освоени 23 поени се пласираа во финалето, додека екипите на „Мобилност Кичево“ со освоени 22 поена и на „Мобилност Штип“ со освоени 11 поени го завршија своето учество.

Втората полуфинална група ја сочинуваа екипите на: „Мобилност Радовиш“, „Мобилност Струмица“, „Мобилност Гевгелија“ и „Мобилност Битола“. По завршување на четирите игри, екипите на „Мобилност Гевгелија“ со освоени 54 поени и на „Мобилност Струмица“ со освоени 44 поени се пласираа во финалето, додека екипите на „Мобилност Битола“ со освоени 25 поени и „Мобилност Радовиш“ со освоени 15 поени го завршија своето учество.

Капитените на екипите кои се пласираа во финалето го извлекоа редоследот на пултовите во финалето. На позиција број еден беше екипата на „Мобилност Охрид“, на позиција број два екипата на „Мобилност Гевгелија“, на позиција број 3 екипата на „Мобилност Велес“, и на позиција број четири беше екипата на „Мобилност Струмица“. По исклучително квалитетна и фер борба во која беше покажано многу знаење, на крај екипата на „Мобилност Струмица“ составена од: Дивна Танева, Љубица Боевска и Љубе Лазаревски, со освоени 97 поени убедливо го освои првото место. На второто место се пласира екипата на „Мобилност Охрид“ во состав: Снежана Танеска, Венко Голабоски и Муштеба Амети, со освоени 79 поени, додека третото место го освои екипата на „Мобилност Гевгелија“ во состав: Никола Марачков, Дејан Атанасовски и Марко Лазаров со освоени 57 поени. На четвртото место се пласира екипата на „Мобилност Велес“ во состав: Антон Коцевски, Миланчо Арсовски и Владо Владов со освоени 29 поени.

За следниот, јубилеен дваесетти по ред Републички квиз-натпревар, финалистите ќе бидат носители на четвртфиналните групи, согласно со редоследот кој го освоиле на претходниот натпревар. Првата четвртфинална група ќе ја предводи екипата на „Мобилност Струмица“, втората ќе ја предводи екипата на „Мобилност Охрид“, третата екипата на „Мобилност Гевгелија“ и четвртата екипата на „Мобилност Велес“.

Претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски, на првопласираните три екипи им врачи плакети и дипломи, додека генералниот секретар на „Мобилност Македонија“, Софка Прчева, им врачи мали плакети за учество во екипа која освоила едно од првите три места на сите членови од наградените екипи. Донесена е одлука и следните квиз-натпревари да се наградуваат на ваков начин.

Б. Јовановски

19-ти Музички средби на лица со телесен инвалидитет на Македонија

И оваа година низ големата сала на хотелот „Цар Самуил“ во с. Банско, Струмица, ечеше македонска народна песна, се менуваа вокалните интерпретатори од редот на лицата со телесен инвалидитет еден по еден

во желба да се закитат со едно од признанијата кои за најуспешните тројца интерпретатори ги обезбеди организаторот „Мобилност Македонија“. Манифестацијата 19-ти Музички средби на лицата со телесен инвалидитет на Македонија се одржа на 24.11.2012 година, а покрај 15-те домашни изведувачи на македонски народни песни, кои се натпреваруваа за епитетот најдобар ин-

терпретатор, во ревијалниот дел настапија двајца гости од Бугарија, Иван Караиванов со прекарот бугарски Том Џонс и Румен Михајлов, и двајцата членови на фондацијата „Сила за живот“ кои исполнија повеќе песни од познати странски изведувачи. Публиката со недоверба го слушаше водителот Ѓорѓи Калајџиев кога ги најавуваше гостите од Бугарија, меѓутоа кога ги слушнаа

првите звуци, бојата на гласот, начинот на интерпретација, со громогласни аплаузи ги наградија за прекрасниот перформанс и забава која им ја пружија. По подолго време, на музичките средби настапија и двајца пејачи од Македонија со поп-песни, и тоа: Христина Николовска од Струмица која ја испеа песната „Готово е“ од Тамара Тодевска и Содоли Шепќим од Тетово со авторската песна „Мелоди Асај“. Гости на нашата манифестација и годинава беа: претседателот на фондацијата „Сила за живот“, Јордан Стефанов, Зорица Стефанова – извршен директор на Фондацијата, потоа музичарот, аранжер и член на Управен одбор на Фондацијата „Александар Михајлов“, Диљана Михајлова и веќе спомнатите интерпретатори Иван Караиванов и Румен Михајлов.

Како и вообичаено, големата сала на хотелот „Цар Самуил“ беше „мала“ за да ги угости сите оние што сакаа да ја посетат манифестацијата, а бурните аплаузи од многубројната публика, спонзори, донатори, штитениците и персоналот на ЈУ Завод за заштита и рехабилитација „Бања Банско“, членови на „Мобилност Македонија“ од сите здруженија кои само за оваа пригода допатуваа во голем број за да ја следат манифестацијата, докажаа дека и овојпат сме направиле одличен избор и добра забава. Како и секоја година, присутни беа и гости од политичкиот и бизнис-секторот на Струмица, предводени од градоначалникот Зоран Заев и градоначалникот на Василево, Ванчо Стојанов.

Веќе традиционално, стручното жири беше во состав: Роберт Георгиев и Васко Пиличев од Струмица, академски музичари и музички критичари.

Водител на манифестацијата беше неповторливиот Ѓорѓи Калајџиев, за кој колку и да се зборува, малку ќе се каже. Со својата харизматичност, препознатлив и милозвучен вокал, водителско искуство, умерена доза на

хумор и низа вицеви и досетки, придонесе манифестацијата да биде интересна и будно следена од публиката од првата до последната минута.

Музичарите од нашиот оркестар „Феникс“ беа добро координирани, одработија три проби со интерпретаторите обидувајќи се да ги искоригираат евентуалните грешки кај натпреварувачите, меѓутоа според мое лично убедување дел од интерпретаторите, и покрај сите напори, не успеаја да се увежбаат за главниот настап. Идеја е следните јубилејни дваесетти музички средби да се одржат во живо, во некој од градовите на Република Македонија, и тогаш не би требало да има импровизации. Ќе настапат само оние што со својата музикалност, чувство за ритам и со своите вокални можности го заслужуваат тоа.

Годинашната манифестација беше можеби најразлична до сега, а добар дел од интерпретациите навистина звучеа професионално. Пред да започне официјалниот дел на манифестацијата, гостинот од Бугарија, Румен Михајлов, за половина час исполни повеќе песни

и ја загреа публиката за она што претстојуваше. Потоа настапија осум натпреварувачи, по што водителот на сценатa го повика Иван Караиванов кој исполни две песни од Том Џонс и една од Френк Синатра, за по тоа да се продолжи со последните седум натпреварувачи. Додека жирито пресметуваше кој од петнаесетте натпреварувачи заслужува да добие признание, на сценатa се појавија домашните интерпретатори на забавна музика.

А сега да им посветиме внимание на интерпретаторите. Годинава на сценатa продефилираа 15 интерпретатори од шест градови, и тоа од „Мобилност Скопје“: Христина Проскова со песната **„Ах, каде е мојто либе“**, Гоце Миновски со песната **„Ти само ти“**, Игор Божиновски со песната **„Ако одам во Битола“** и Соња Ѓорѓиевска со песната **„Молитва за Велигден“**; **од „Мобилност Прилеп“:** Ѓорѓи Здравески со песната **„Кога си бевме мали“**, Ристо Спирковски со песната **„Моја серенада“**, Стеван Ангелески со песната **„Комшиче либе да имам“** и Влатко Најдоски со песната **„Шака нака“**; **од „Мобилност Битола“** Томче Најдовски со песната **„Запри, запри виолино“**; **од „Мобилност Кавадарци“** Трајче Лазаров со песната **„Цела тајфа бевме Лино“** и Николчо Делов со песната **„Навали се Шар Планина“**; **од „Мобилност Радовиш“** Петре Јованов со песната **„Назад, назад Калино моме“**; од „Мобилност Штип“: Дафина Јаневска со песната **„Една прекрасна штипска ноќ“,** Ванѓа Јованчева со песната **„Море сокол пие“** и **Влатко Крстев со** песната **„Мирјана“**.

По завршување на официјалната програма во кој беа изведени петнаесетте песни, жирито ги распредели наградите на следните интерпретатори:

прва награда – Петре Јованов со песната „Назад, назад Калино моме“;
втора награда – Трајче Лазаров со песната „Цела тајфа бевме Лино“, и
трета награда – Николчо Делов со песната „Навали се Шар Планина“.

Организаторот „Мобилност Македонија“ обезбеди плакети за најдобрите три интерпретатори. Претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски, им додели благодарници за учество на манифестацијата на Јордан Стефанов, претседател на фондацијата „Сила за живот“, Иван Караиванов и Румен Михајлов, интерпретатори од Бугарија и наедно го замоли гостинот од Бугарија, претседателот на Фондацијата Јордан Стефанов, да им ги врачи плакетите на наградените интерпретатори на македонска народна песна од редот на лицата со телесен инвалидитет на Македонија за 2013 година.

Б. Јовановски

ОСМИ МУЗИЧКИ ФЕСТИВАЛ ПОМОРЈЕ 2013

На покана на фондацијата „Сила за живот“ од Велико Трново – Бугарија, трочлена делегација на „Мобилност Македонија“ во состав: Бранимир Јовановски, Софка Прчева и Дејан Ѓорѓиевски од 20.8.2013 до 27.8.2013 година присуствуваа на осмиот музички фестивал на лица со инвалидност во Поморје, Бугарија. Заедно со делегацијата патуваа и нашите членови – музичари и интерпретатори на народна музика, посебно поканети од страна на организаторите: Николчо Делов, Сотир Јоновски, Севдет Фејсулов и Зорица Гочевска.

Основната дејност на фондацијата „Сила за живот“ е организирање на музички фестивал на лица со инвалидност во соседна Бугарија. Фестивалот е форма за надминување на социјалната изолација на лицата со инвалидност и постигнување на нивната одржлива социјална вклученост и припојување кон современите културни вредности преку изразни средства на уметноста. Целта на музичкиот фестивал е зајакнување на општествената јавна свест, преку интеграција и реинтеграција на лицата со инвалидност, како и подигање на нивната лична самодоверба. Фондацијата секоја година бара и избира нови учесници, помагајќи ги нивните јавни настапи и овозможувајќи им лична реализација и социјално вклучување. Благодарение на целиот раководен тим на Агенцијата за лица со инвалидност на Бугарија, како и лично на господинот Минчо Коралски, осум години по ред се реализира овој успешен проект. Преку фестивалот се постигнува дружење и вклучување на лицата со инвалидност во процесот на креирање на културни вредности преку развој на нивните таленти и уметнички креативни заложби за надминување на постојните за нив ограничувања во оваа област. Фондацијата се стреми преку фестивалот да ја промени јавната перцепција и ставовите за луѓето со инвалидност како рамноправни бугарски државјани преку овој музички фестивал и нивното поставување во центарот на вниманието на јавноста.

И навистина, на двете музички вечери, првата фолклорна и втората забавна, повеќе стотици случајни минувачи на плоштадот во Поморје уживаа во изведбите на музичарите со инвалидност кои својот талент несебично го делеа со останатите на отворена сцена. Моќните гласови, музичката прецизност и ритмика на интерпретаторите во двете вечери несебично беа наградувани со бројни аплаузи и спонтаното пеење на познатите рефрени од публиката. Сето тоа, пак, претставуваше силен поттик за учесниците на манифестацијата. Морам да истакнам дека благодарение на „Тајфата на Ники“ како што организаторите ги нарекуваат нашите членови – музичари: тапанарот Николчо Делов, клавијатуристот Сотир Јоновски и кларинетистот Севдет Фејсулов, оваа година сите песни на фолклорната вечер се свиреа во живо, што беше ново искуство за организаторот и голем предизвик. Меѓутоа, сите сомнежи паднаа во вода веќе со првиот инструментален настап на групата. Зајакнати со познатиот музичар, композитор и аранжер од Бугарија, Александар Михајлов, звучеа беспрекорно, а потоа се редеа интерпретаторите кои беа придружувани без буквално ниту една грешка. Браво за нашите членови, браво за организаторот и предизвик за ваква слична манифестација „Мобилност Македонија“ да организира наредната година, за време на одржувањето на јубилејните дваесетти музички средби на лицата со телесен инвалидитет на Македонија.

Забавната вечер беше приказна за себе. Познати песни испеани од врвни светски музичари беа беспрекорно интерпретирани од страна на бугарските музичари – лица со инвалидност. Дел од нив се и самите успешни

музичари, а сите заедно имаат богато пејачко искуство низ разни ресторани и дискотеки во Бугарија и пошироко. Во неизбришлива меморија ќе останат вокалните интерпретации на Иван Караиванов наречен бугарскиот Том Џонс, на Румен Михајлов кој повеќе години настапувал по дискотеките во Лас Вегас, на композиторот и музичар Орхан Мурад многу познат по клубовите во Бугарија, Турција и Грција, на Роберт Абрашев, Кристијан Григоров, Петја Алексиева и уште многу кои навистина оставија силен печат и дадоа полн придонес за успешноста на фестивалот.

Се стекнавме со големо искуство, кое во оваа пригода сакаме да го поделиме со вас, драги читатели. Си зададовме и домашна задача сето тоа да се обидеме да го реализираме во Македонија. Да излеземе од затворениот простор на хотелот „Цар Самуил“ на отворена сцена и на македонската јавност да и покажеме какви музички таленти имаме меѓу нашето членство.

Обезбедувајќи можност за докажување на интерпретаторските и уметничките можности на лицата со телесна инвалидност во областа на фолклорот и популарната музика, ќе се обидеме да ги исполниме приоритетите и целите на „Мобилност Македонија“ за интеграција на лицата со инвалидност во општеството, развој на нивните креативни способности и нивното учество во културни манифестации, најнапред меѓу нив самите, а подоцна можеби и на некој фестивал рамноправно со другите актери од македонската естрада.

Б. Јовановски

Тематска работилница за мултипла склероза во Битола

На 5-ти октомври 2013 година во просториите на ресторанот „Бе-Ни Фонтана“ во с. Бистрица во близина на Битола се одржа тематска работилница. Провокативна и актуелна тема со мултидисциплинарен пристап за мултипла склероза. За оваа цел се осмисли план кој

покрај генералното гледиште, сеопфатно би ги третирал медицинските, физијатриските, балнео, социоетничките и психолошките гледишта, односно пристапот на државата и локалната заедница преку институциите на системот. Со една цел, сите заинтересирани во остварувањето за подобра положба на лицата со инвалидност, подигање на капацитетот на нивните сознанија и преку комуникација донесување на адекватни заклучоци со кои би се направил мал, но значаен чекор во решавањето на оваа проблематика.

Според агендата на организаторот, беа поканети повеќе субјекти за кои се сметаше дека ќе дадат придонес кон решавањето на натрупаните проблеми. Воведот беше резервиран за претседателот на „Мобилност Битола“, прим. д-р Нико Јанков, кој ги изнесе основ-

ните сознанија за бројот и движењето на заболените од мултипла склероза во последните години. Значајно е тоа што во последните две години нагло порасна процентот на новооткриени и регистрирани случаи. Со бројки и графикони, сето тоа беше доловено за подоцнежните излагања.

Пред самите излагања имаше поздравни говори и вовед на претседателот на „Мобилност Македонија“ и НКТ, г. Бранимир Јовановски, кој се осврна на фактот дека ваквите средби се многу продуктивни за подигање на капацитетите и сознанијата на лицата со инвалидност. Исто така, тој напомена дека „Мобилност Македонија“ ќе ги поддржува сите иницијативи од ваков вид

на здруженијата. Претставникот на Министерството за труд и социјална политика (МТСП), м-р Слободанка Здравковска исто така ја поздрави иницијативата и искажа позитивен пристап на МТСП, кој со своите потенцијали ја поддржува оваа иницијатива, а и понатаму ќе ги поддржува сите други иницијативи со своите материјални и човечки ресурси.

Претставник од Министерството за здравство не беше присутен. Претседателот на Македонското научно друштво (МНД) – Битола, проф. д-р Игор Неделковски, ја искажа поддршката и перманентниот интерес за оваа проблематика, која е во доменот на одделението за применети науки и медицина, како и тоа дека и понатаму ќе се ангажира со своите човечки ресурси. Тој, исто така, искажа подготвеност за соработка на сите нивоа на одделенијата на МНД со здруженијата и Сојузот. Во отсуство на градоначалникот и претседателот на Советот на општината Битола кои не можеа да бидат со нас, поздравен говор и поддршка искажа членот на Советот а наедно и излагач на средбата, д-р Соња Трпезановска. Таа ги повтори насоките на локалната самоуправа за поддршка во континуитет. Покрај материјалната поддршка, локалната самоуправа на сите начини ќе ги по-

мага активностите на „Мобилност Битола“.

Во стручниот дел, прв излагач беше д-р Ана Донева, невролог од Градската општа болница „8 Септември“ од Скопје и хуманитарен активист. Во добро осмисленото и богато илустрирано излагање, д-р Донева ја опиша мултипла склерозата, причини за настанување, развој, лекување, прогноза и адаптирање на живот со болеста. Ги опиша следењето и сите предизвици кои ќе доаѓаат во иднина. По првото излагање, во согласност со предавачите, прашањата и дискусиите беа оставени за крај.

Втор излагач беше д-р Соња Трпезановска, физијатар од Клиничката болница во Битола, која на илустративен начин ги претстави физијатриските аспекти со особен осврт кон кинезитерапијата. Доктор Трпезановска ги долови сите аспекти од својата област. Потоа излагање имаше проф. д-р Веселин Талевски од Високата медицинска школа при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола. Тој на практичен начин ги изнесе социоетничките аспекти на заболувањето и проблемите со кои поединецот се соочува со средината која го опкружува, односот на средината со осврт како тоа било порано, како е сега и кои се предизвиците за иднината.

Следен излагач беше доц. д-р Сашо Кочанковски од

Факултетот за психологија при Меѓународниот славјански универзитет и раководител во службата за ментално здравје при Клиничката болница во Битола. Тој на еден сликовит и пристапен начин го долови психолошкиот амбиент на лицата со мултипла склероза, нивниот пат од откривањето, лекувањето и адаптирањето на начинот на живот со заболувањето, како и начините за справување во сите фази на болеста. Тој како познат излагач, кој повеќе од 15 години е присутен на сите наши средби, знаеше и умееше да ја контролира комуникацијата со присутните слушатели.

По паузата за кафе, во вториот блок имаше солидно

и добро осмислено излагање на раководителот на сектор во МТСП, м-р Слободанка Здравковска. Осврнувајќи се на сите допирни аспекти кои се во доменот на МТСП, таа искажа подготвеност за поддршка на низа предлози, кои со добра аргументација и формулирани заклучоци од оваа средба би станале дел од агендата на МТСП. Инаку, таа ја афирмира подготвеноста на МТСП за сеопфатен пристап кон проблемите на лицата со инвалидност и разбирање на министерот Диме Спасов за редовна и вонредна комуникација за сите проблеми кои тековно ќе произлезат.

Следното излагање го имаше доајенот на балнео терапијата за лицата со мултипла склероза, прим. д-р Даница Фичорска, која инаку е автор на книгата „Животот со мултипла склероза“. Во своето излагање д-р Фичорска ги опфати сите аспекти, со посебен осврт на балнео терапијата и вежбите за лицата со мултипла склероза, а беше искористена и можноста за повторна промоција на нејзината книга. Со завршување на излагањата се пристапи кон прашања и дискусија. Во богата дискусија во која земаа учество повеќе слушатели и излагачи, со мали измени и дополненија беа прифатени предлог-заклучоците во работната верзија на работилницата. Ова и тоа како е важно за подоцнежните контакти на локално и државно ниво. Истовремено сакаме да ги поздравиме нашите стари и нови помагатели; покрај „Мобилност Македонија“ и Општина Битола, нашата активност беше поддржана од „Славеј“ а.д. – Скопје, „Медикус хелп“ – Скопје, а сега и од „Плива“ – Скопје. Им изразуваме благодарност со надеж за понатамошна соработка.

Заклучоците кои би биле појдовна точка за следните активности се:

1. Зголемени и помогнати активности при откривање и регистрирање на нови заболени од мултипла склероза и нивно активирање во рамките на здруженијата;

2. Лекувањето да биде проширено, и тоа:

а) проширување на листата на лекови на товар на фондот;

б) физикална и балнео терапија на товар на фондот, и

в) проширување на листата на ортопедски помагала на товар на фондот.

3. Комуникација

а) персонална комуникација;

б) локална и државна комуникација, и

в) меѓународна комуникација.

4. Имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со инвалидност;

5. Развоен план во соработка со институциите на системот според стратегијата донесена на сојузите на лицата со инвалидност, НСИОМ и НКТ на Република Македонија, и

6. Перманентна помош и разбирање на институциите на системот на државно и на локално ниво.

По дискусиите беше организиран ручек за сите гости, со што оваа извонредно исполнета средба заврши.

ТРАДИЦИОНАЛНО ДЕФИЛЕ НА ШИРОК СОКАК

На 29 јуни 2013 година беше организирано и изведено традиционалното дефиле на Широк сокак, на кое беа поканети повеќе здруженија од „Мобилност Македонија“, сојузите на слепи и глуви лица, како и други невладини асоцијации. Локалната самоуправа традиционално ја поддржува оваа манифестација, а градоначалникот Владимир Талески и претседателот на Советот, проф. д-р Силвана Ангелевска редовно присуствуваат на нашите активности. „Мобилност Битола“ и оваа година продолжува со лобирање за имплементација на Конвенцијата за правата на лицата со инвалидност на ОН во делот за локалната самоуправа. Врз основа на член 19, државата која ја ратификува Конвенцијата и Опциискиот протокол, признава дека лицата со инвалидност имаат можност да одберат место на живеење под еднакви услови со другите, без обврска за посебни аранжмани. Истите мора да имаат пристап до службите за поддршка во своите домови, установите со вклученост и спречување на изолација. Услугите да бидат достапни и да стојат на располагање. Исто така, согласно со законот, локалната заедница се согласува за избор на начин на живеење, без принуда на живот во институциите, ако тоа не им се допаѓа, избор каде што ќе живеат со вклучена лична помош, персонална асистенција и спречување од изолација. Да ги користат услугите на локалната заедница кои се на располагање на јавноста и приспособени на нивните потреби.

Во присуство на медиумите, манифестацијата ја отвори претседателот на „Мобилност Битола“, прим. д-р Нико

Јанков, кој нагласи дека целта на оваа манифестација е јакнење на капацитетите на инвалидските организации, охрабрување и поттикнување на институциите на локалната самоуправа за имплементација на правата содржани во член 19, градење на партнерски односи при изработка

на планови и други акти кои ги засегнуваат лицата со инвалидност и многу други работи од заеднички интерес.

Потоа, свое излагање имаше и претседателот на Советот на општината Битола, проф. д-р Силвана Ангелевска, која ја потврди долгогодишната соработка со „Мобилност Битола“ и спроведувањето на дело на правата од член 19 и други кои ги засегаат лицата со инвалидност.

Следното излагање го имаше претседателот на „Мобилност Македонија“ и Националното координативно тело за еднакви можности на лицата со инвалидност при Владата на Република Македонија – г. Бранимир Јовановски, кој истакна дека заложбите на „Мобилност Македонија“ и НКТ на сите начини ќе лобираат пред институциите на системот и дека ова е добар почеток за да се постигне тоа. Потоа, стотина членови и граѓани учествуваа на дефилето од плоштадот Магнолија до хотелот „Епинал“.

Вториот дел од манифестацијата се одржа во ресторанот „Бе-Ни Фонтана“ во Бистрица. Нашиот поддржувач и спонзор „Медикус хелп“ одржа интересно предавање за новитетите, кои беа успешно претставени од нашата позната Ирина Георгиевска. Пред излагањето се одржа дискусија околу целта на овие манифестации, а г. Бранимир Јовановски даде посебен осврт за ортопедските помагала, насоки, мислења, заложби и барања во интерес на подобрување на ортопедските помагала од сите аспекти. За гостите и активистите беше организиран ручек, а потоа се поздравивме до наредната средба.

Се надеваме дека овој настан привлече внимание, а ефектите ќе ги почувствуваме подоцна. Ние продолжуваме со исто темпо, надевајќи се на што поуспешна комуникација и претставување во процесот на имплементација на правата на лицата со инвалидност, содржани во Конвенцијата на ОН.

ОБУКА ЗА КОРИСТЕЊЕ И ПОПРАВКА НА ИНВАЛИДСКИ КОЛИЧКИ

Минатата година „Мобилност Македонија“ преку Црвениот крст на град Скопје, оствари соработка со американската хуманитарна организација „Црквата на Исус Христос на светците од подоцнежните дни“, кога договори донација во ортопедски помагала. Оваа организација на барање на „Мобилност Македонија“ обезбеди: 145 собни и теренски инвалидски колички, 58 бастуни, 58 подлактни патерици, 35 подпазувни патерици, 11 одалки, 98 антидекубитални перничиња со гел, 21 антидекубитални перничиња со пена, 50 резервни гуми за инвалидски колички и 50 резервни гуми за патерици.

Донаторите инсистираа во октомври да се одржат обуки за правилно користење на инвалидските колички и обуки за одржување и поправка на инвалидските колички. Обуките се одржаа во центрите за обуки на Црвениот крст на Македонија, во Струга и на Водно, а донаторот обезбеди инструктори кои ги одржаа предавањата.

Првата тродневна обука за користење на колички се реализираше во Струга од 21 до 23 октомври. На оваа обука учествуваа 13 претставници од здруженијата на „Мобилност Македонија“ од Прилеп, Струга, Охрид, Дебар, Штип, Кочани и Кичево.

Втората тродневна обука за користење на инвалидски колички се одржа во Центарот за обуки „Даре Бомбол“ на Водно од 24 до 26 октомври. На оваа обука учествуваа 11 претставници од „Мобилност Скопје“.

Третата еднодневна обука за поправка на инвалидски колички беше организирана исто така на Водно и на неа учествуваа претставници од „Мобилност Велес“, „Мобилност Куманово“ и „Мобилност Тетово“.

Сите учесници по завршување на обуките добија диплома, односно сертификат за успешно завршена обука како проценители. За нив претстои спроведување на процена на 145 лица кои пријавиле потреба од инвалидска количка. Проценката се прави со пополнување на формулар кој содржи податоци за проценувачот и тоа број на сертификат, име и презиме, адреса, број на телефон и сл. Прашалникот кој се однесува на лицето кое ќе ја користи инвалидската количка е пообемен и содржи детални податоци за лицето од областа на неговото здравје, податоци за неговиот дом, колку часови дневно ја користат количката, кое растојание дневно го поминуваат со количката и сл. Формуларот содржи и проценка за рамнотежа, проценка за видот и големината на количката за вештини во движењето, техники за ослободување од притисок при седење и друго.

Инструкторите од американската хуманитарна организација беа задоволни од посетителите на обуките и практично презентирање на наученото во проценката при распределба на одреден број на инвалидски колички на нашите членови.

С.П.

„Мобилност Македонија“ ќе спроведе проект „Изградба на инклузивни детски игралишта“

„Мобилност Македонија“ од страна на Министерството за труд и социјална политика беше избрана како национална инвалидска организација која ќе спроведе проект „Инклузивни детски игралишта“. Ова ни претставува особена чест и задоволство, но и голема обврска во процесот на изградба на игралиштето. На 30.10.2013 година во канцеларијата на „Мобилност Македонија“ се одржа работна средба со претставниците од Министерството за труд и социјална политика на која од наша страна беа присутни претседателот и генералниот секретар на „Мобилност Македонија“, изградба на уште 20 локации низ државата. Изработени се како донација два предлог-проекта за изградба на инклузивните игралишта, а „Мобилност Македонија“ во рамките на одобрените средства, ќе учествува во изборот на подобриот, како и во изборот на изведувачот на градежните работи.

„Мобилност Македонија“ смета дека е подобро елементите од инклузивните игралишта (лулашки, клацкалки и сл.) да се вградат во постоечките детски игралишта и на тој начин тие ќе бидат во вистинска смисла на зборот инклузивни детски игралишта. Значи поента-

Бранимир Јовановски и Софка Прчева, како и претставниците од Министерството за труд и социјална политика: Жаклина Величковска – раководител на сектор за односи со јавноста, Душан Томшиќ од одделението за социјално вклучување и Марјан Гијовски – портпарол на министерството. Присутните од министерството истакнаа дека работната средба се одржува по препорака на министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, кој предложил „Мобилност Македонија“ да се вклучи во реализација на проектот за изградба на инклузивни игралишта за деца со инвалидитет. Во реализација на проектот ќе биде вклучена и Школата на лидери од кабинетот на Претседателот на државата, а Душан Томшиќ истакна дека проектот со кој се предвидува да се изгради инклузивно игралиште на почеток во град Скопје, потоа предвидува да се најдат инвеститори за

та е на едно исто место да играат и да се дружат сите деца, вклучително и децата со инвалидност.

Душан Томшиќ ги запозна присутните со активностите околу определување на локација на територијата на град Скопје за изградба на инклузивното игралиште. Истакна дека по разговорите што ги имал во секторот за урбанизам во Град Скопје, во петок на 1 ноември очекува да добие предлог-локација за изградба на инклузивното игралиште. Тоа и се случи, и во понеделникот на 4.11.2013 година појдовме до локацијата во Градскиот парк на која се предвидува изградбата. Во меѓувреме проектантот изврши корекција на проектот во однос на габаритите кои ги детерминира доделениот простор од Град Скопје, а Владата на Република Македонија на својата седница од 22.10.2013 година донесе Одлука за изменување и дополнување на одлуката за распределу-

вање на средства од приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2013 година бр. 41-7574/1 со која на „Мобилност Македонија“ за финансирање на годишната програма (во овој случај за изградба на инклузивно игралиште) и додели дополнителни 1.000.000,00 денари. Во рамките на овие средства, врз основа на прибирање на понуди од најмалку три фирми кои се занимаваат со изработка и поставување на вакви реквизити, ќе треба да се набават реквизитите кои ќе се постават на игралиштето, додека градежните работи за уредување на просторот ќе бидат донација од Град Скопје.

Портпаролот во Министерството за труд и социјална политика, Марјан Гијовски, зема обврска да закаже

работна средба кај министерот по ова прашање, која секако ќе ја искористиме и за актуализирање на други прашања кои се од особен интерес за нашето членство.

Б. Јовановски

СРЕДБА НА ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА ОРГАНИЗАЦИИ СО НАЈУСПЕШНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Во организација на Министерството за труд и социјална политика, на 16.10.2013 година, претседателот на „Мобилност Македонија“ заедно со претставниците на националните сојузи на слепи, глуви и наглуви и интелектуално попречени лица присуствуваше на работна средба со преку 30 претставници од најуспешните компании од бизнис-секторот во Македонија. Средбата се одржа во конгресната сала во спортскиот центар „Борис Трајковски“ во Скопје. По воведните зборови на

НАЦИОНАЛНИТЕ ИНВАЛИДСКИ БИЗНИС-КОМПАНИИ

министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски, пред бизнисмените ја искажа потребата на телесните инвалиди од вработување во отвореното стопанство, бенефитите кои тие како работодавци ги добиваат од државата и ги повика заедно да ја срушиме парадигмата дека лицата со инвалидност се болни и неспособни, туку напротив дека се моќни и способни, и заедно да ја промениме јавната свест и да се стремиме кон општество без бариери и со потполно разбирање и уважување на различностите. Ги повика бизнисмените да размислат колку нивните фирми и дуќани се пристапни за лицата со потежок телесен инвалидитет и им посочи дека непристапноста двојно не хендикепира, еднаш како потрошувачи и корисници на услуги, и вторпат како можни вработени во истите фирми и даватели на услуги. Претседателот ги повика бизнисмените да донираат средства во посебен фонд во кој би се акумулирале со цел да им се помогне директно на лицата со телесна инвалидност во доплата при набавка на поквалитетни и пософистицирани ортопедски помагала, но и во современи ИТ-апарати за функција на 17-те здруженија на „Мобилност Македонија“. Ова беше само првиот контакт. Очекуваме акцијата да продолжи и понатаму преку непосредни контакти со бизнисмените кои впрочем пополнија прашалници кои ги подготви службата на Министерството за труд и социјална политика.

Б. Јовановски

ДОНАЦИЈА

Во текот на целото прво полугодие од оваа година меѓуопштинското здружение „Мобилност Радовиш“ имаше многу интензивна комуникација со хуманитарната организација „ХИКО ДЕ“ од Лембах, Австрија. Комуникацијата имаше цел да обезбедиме хуманитарна

помош во ортопедски помагала за членовите на здружението но и други работи.

Хуманитарната организација „ХИКО ДЕ“ со децении се занимава со дистрибуција на хуманитарна помош, пред сè во земјите кои потекнуваат од поранешниот Советски сојуз (Украина, Молдавија, Белорусија), Косово, а сега за прв пат во Македонија.

Првичниот контакт со организацијата и со одговорното лице госпоѓа Марта Рајтер ни го обезбеди Ѓорѓи Николов, татко на Стојче – наш редовен член (кој, за

жал, не е веќе меѓу нас), а подоцнежните мошне интензивни контакти одеа преку Саше Коцев, брат на Спасе исто така наш редовен член.

Финалната реализација на доставата на хуманитарната донација се случи за време на првомајските и ве-

лигденските празници, односно во почетокот на мај. Од наша страна беа завршени и доставени сите документи за слободен влез на стоката низ царина. Растовар на стоката извршивме на 3 мај 2013 година. Од организацијата донатор беа присутни 11 лица кои на самото место се уверија каде ја доставуваат помошта.

Помошта ги надмина нашите очекувања и моравме да изнајмиме дополнителен простор за да сместиме се она што пристигна.

А, пристигна:

Опис	Количина	Пакување
Облека, постелнина, ќебиња	450	Картонски кутии
Велосипеди	10	Броја
Кујнски садови	10	Картонски кутии
Болнички кревети	16	Броја
Патерици	20	Пара
Душеци	16	Броја
Ролатори, помагачи за одење	50	Броја
Инвалидска количка	80	Броја
Столови	10	Броја
Стол за веце	50	Броја

Веднаш по празниците се пристапи кон редистрибуција на помошта кон нашите членови, кои дотогаш веќе беа запознати за обемот, видот на помошта, беа изготвени списоци кој наш член какви потреби има согласно со тоа да добие она што му е потребно.

Нашите членови особено се израдуваа на облеката, постелнината и ќебињата кои ги имаше во огромни количини и буквално секој можеше да најде по нешто за себе и за членовите на своето семејство. Велосипедите и столовите исто така ќе им бидат од корист на оние што ги понесоа дома.

Она што беше сржта на нашите настојувања да добиеме донација се ортопедските помагала. И она што го добивме ги надминува нашите потреби, односно потребите на нашите членови. Ги задоволивме потребите од инвалидски колички за сите наши членови и согласно со Одлуката на Управниот одбор на „Мобилност Радовиш“ отстапивме дел од помошта во ортопедски помагала (инвалидски колички, одалки и тоалетни колички) на здруженија членки на „Мобилност Македонија“ – Битола, Прилеп, Велес, Штип. Особено интересни и практични се покажаа, и беа многу барани, столовите за ве-це, односно тоалетните инвалидски колички.

Реализацијата на оваа донација, за нас е многу важна од барем два аспекта. Ги имавме предвид потребите и барањата на нашите членови и задоволивме дел од нив, покажавме одговорност и солидарност што ни е основна цел. Како организација покажавме дека имаме капацитет да реализираме активност од ваков вид која е многу обемна, напорна, бара одредени трошоци, но сето тоа се заборава откако успехот е евидентен.

Васил Томов

УСПЕШНО РЕАЛИЗИРАН ПРОЕКТ, ОДОБРЕН ОД СОБРАНИЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ

Здружението на лица со телесен инвалидитет на Скопје „Мобилност Скопје“, по објавениот јавен повик за проекти во областа на спортот од јавен интерес за Град Скопје за 2013 година, изработи и поднесе девет проекти од коишто беа одобрени три проекти, и тоа: „Турнир во шах по повод 13 Ноември“, „Меѓуопштински натпревар во пинг-понг за лица со телесен инвалидитет“ и „Натпревар во атлетика за лица со телесен инвалидитет“.

Проектот „Натпревар по атлетика за лица со телесен инвалидитет“ беше одобрен и финансиски потпомогнат од градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски, и Советот на Град Скопје.

На 2 ноември 2013 година се одржа натпреварот во населбата Железара на зелената површина зад „Ремедика“. На натпреварот учествуваа членови на „Мобилност Скопје“ и се натпреваруваа во две категории – лесна и тешка. Судија на натпреварот беше Драган Дојчиноски. На крајот на натпреварот на тројцата првопласирани од двете категории им беа доделени награди и медали за освоено прво, второ и трето место на натпреварот.

Елена Ѓурчиноска

„Мобилност Битола“ на првата Балканска колонија на ракотворци во Битола

Во рамките на „Бит-фест“ оваа година од 3 до 7 август се одржа првата Балканска колонија на ракотворци во организација на „Астерион галери“. Повеќе членови од „Мобилност Битола“ учествуваа со свои творби, како и на организираните работилници. Највпечатливо беше учеството на ракотворецот Мирко Костовски и гостинката од Струмица, Роза Мојсовска. Со истите е реализиран и ТВ-профил кој се емитуваше на националните

телевизии на 5.8.2013 година во попладневните часови. „Мобилност Битола“ пред ТВ-камерите потпиша меморандум за соработка со „Астерион галери“. Притоа претседателот на „Астерион галери“, дипл. граф. инж. Ромео Ацевски, кој наедно е и професионален фотограф и ракотворец и претседателот на „Мобилност Битола“, прим. д-р Нико Јанков дадоа пригодни изјави за идната соработка.

Потоа претседателот, Митко Фидановски и Фанче Георгиевска од „Мобилност Битола“ остварија кратка средба со Ромео Ацевски и Дивна Грдановска-Карацовска од „Астерион галери“. Начелно се договоривме за

оперативна соработка со размена на информации и помош. Во самиот текст на меморандумот стои дека „Астерион галери“ со сите свои технички и персонални ресурси ќе стои на располагање за откривање, поттикнување и презентирање на нашите членови, не само на оние од Битола туку и на оние од „Мобилност Македонија“. Со помош на нивните кадровски и материјални ресурси и нашата добра желба за соработка, како и други капацитети, се надеваме дека ќе имаме успех особено во меѓународното етаблирање на нашите членови, но и на нашата организација.

Средба и донација на „Мобилност Битола“, „Мобилност Радовиш“ и „Мобилност Штип“

На 17 август 2013 година беше остварена средба на раководствата од „Мобилност Битола“, „Мобилност Радовиш“ и „Мобилност Штип“, на која се разгледуваа можностите за идна заедничка активност, подготвеност

за заеднички настап и заеднички проекти со други организации. Се заклучи дека досегашната соработка е на највисоко ниво и дека е за пример. Размената на мислења и информации, како и присуството на сите активисти перманентно се одржува повеќе години. Благодарение на тоа, во последните години имавме неколку заеднички потфати кои заслужуваат внимание. Раководниот кадар на „Мобилност Кочани“, кој е наш вообичаен партнер, не можеше да присуствува на оваа средба поради други обврски.

„Мобилност Битола“ информира дека има апликации на два-три проекти за кои нема одговор. Присуствувањето на семинари за обука е многу важно и практиката од Битола се прифати како многу релевантна во ова време. Инаку, поздравувајќи го успехот на „Мобилност Радовиш“ за остварувањето на големата донација во

инвалидски колички и разни помагала, уште еднаш се заблагодарува за отстапениот дел од истата на „Мобилност Битола“. Искуствата околу патот до реализација се интересни и впечатливи и истото можат да го остварат повеќе здруженија. Со надеж за брзо видување, се поздравивме со нашите пријатели од Радовиш и Штип.

„Мобилност Битола“ на излет во Смилево

На 25 август 2013 година, триесетина членови на „Мобилност Битола“ заминаа на еднодневен излет во Смилево. Овој настан, кој беше дел од програмата на

активности, започна со историски час поделен во две етапи. Предавањето го одржа познатиот историчар и учебникар м-р проф. Јован Кочанковски, кој со својата долгогодишна педагошка практика и знаење особено од овој крај (бидејќи е роден Смилевец), долови дел од историјата на Смилево од XV век до Илинден и постилинденскиот период до создавањето на македонската држава.

Првиот дел беше одржан пред споменикот на Даме Груев, а вториот во Меморијалниот музеј на Смилево. Гледајќи ја поставката, го доловивме Смилевскиот конгрес и низата настани врзани за востанието. Во другите делови од музејот го видовме и продолжувањето на револуционерната борба на македонскиот народ со новите дејци кои ги носеа имињата на Даме, Гоце, Пере, Ѓорче, Питу, Карев и други, како и славните единици на

новите борци кои го овозможија раѓањето на македонската држава. Се запишавме и во книгата на импресии. Потоа следуваше заеднички ручек проследен со музика, па така го завршивме овој импресивен настан кој ќе ни остане во сеќавање. Благодарност до професорот Јован Кочанковски, кој со својата беседа нè пренесе во времето на двата Илиндена. Си отидовме дома со уште едно прекрасно искуство.

„Мобилност Битола“ на музичкиот фестивал на лицата со телесна инвалидност во Поморје, Република Бугарија

Во периодот 20.8.2013-27.8.2013 година, нашиот член Сотир Јоновски активно учествуваше на осмото издание на гореспоменатиот фестивал во организација на фондацијата „Сила за живот“. Јоновски, кој веќе петти пат е присутен на оваа традиционална манифестација,

организирање на претстојните музички средби кај нас. Новитетите најчесто потешко го наоѓаат својот пат, но како што нагласува Сотир, и во ревијалноста мора да преовладува квалитетот, истакнувајќи дека овој пат и времето им било наклонето, а според него пресуден бил и поголемиот број денови за одмореният музичар да има поквалитетен настап. Настапите беа оценувани од врвни професионалци и немаше место за лутење, а „Тајфата на Ники“ достојно ја претстави нашата република.

Сè на сè, еден пријатен и впечатлив настан, одлично искуство стекнувајќи нови пријателства и збогатувајќи ја способноста за музицирање, а ако покана стигне и следната година, Сотир со задоволство би учествувал на уште една одлично организирана манифестација.

„Мобилност Битола“ на „Преспански јаболкобер 2013“

Во изминатите години веќе стана традиција да се организира манифестацијата „Преспански јаболкобер“ во Ресен, а со секоја следна година посетеноста станува сè помасовна. „Мобилност Битола“ преку своите членови од Ресен активно учествуваше на оваа манифестација, а се искористи и можноста за претставување на здружението и Сојузот со летоци, постери и со списанието „Мобилност“, кои можеа да се најдат на штандот на нашата членка и ракотворец на бакрорези, Гордана Тирицова-Стојановска и нејзиниот сопруг Михајло Стојановски.

Многубројните здруженија и асоцијации имаа можност да се претстават на оваа тродневна манифестација која е под покровителство на градоначалникот на Ресен, Ѓоко Стрезоски, и која беше отворена на 27 септември во присуство на претставници од дипломатскиот кор, а беа одржани и повеќе стручни излагања за јаболкото. Целодневните настани траат до доцните вечерни часови, придружени со песни од познати состави, вокални интерпретатори и разни игроорни групи.

Во текот на нашата посета на многубројните штандови, вклучувајќи го и нашиот, остваривме контакти со претставници од други здруженија и асоцијации. Интересно е тоа што на овој начин се претставуваат и здруженија и поединци од училишта (основци, средношколци), домаќинки, организација на жени, хуманитарни здруженија и други, а беше понудена и разновидна храна и специјалитети од преспанскиот крај.

Сè на сè, една убава традиција која од ден на ден се збогатува, дополнува и се проширува со нови и квалитетни содржини. Делегацијата на „Мобилност Битола“ оствари и средба со градоначалникот Стрезоски, кој изрази задоволство и подготвеност за идна соработка. Така оваа традиционална манифестација, која е во чест на почетокот на берењето на јаболката, ги исполнува сите очекувања, па се надеваме дека и во иднина ќе бидеме дел од неа.

„Мобилност Битола“ на работилницата на УСАИД во Битола

Со одлука на Советот на Општина Битола за основање на Локален економски социјален совет (ЛЕСС) на

општината се конституираше истиот, на 19.9.2013 година, а за член е избран прим. д-р Нико Јанков, претседател на „Мобилност Битола“, како најактивен субјект за подигање на капацитетите на лицата со инвалидност. Деновиве, односно на 15 и 16 октомври во организација на УСАИД (со проектот „YES мрежа“) и Општина Битола беше организирана оваа работилница за членовите на ЛЕСС, чија цел е насоки за изготвување стратегиски план на ЛЕСС. На оваа работилница присуствуваше заменикот на д-р Јанков, Фанче Ѓорѓиевска.

Основата на заклучоците на оваа работилница се целите: отворање нови работни места, едукација на кадри, перспектива на бизнис-структури со кои Битола ќе добие перспектива на развојна, образновна, економски

зајакната средина, туристички рурална и со акцент на културно-историски знаменитости, економски подем

со млади човечки ресурси и помош од институциите на системот на локално ниво. Со тоа ЛЕСС ќе стане препознатлив лидер на регионално ниво за подобрување на квалитетот на живот.

На оваа работилница нашиот член Фанче Ѓорѓиевска, покрај високиот степен на активност и познавање на проблематиката, оствари бројни контакти со грантистот на УСАИД, Вирна Манасиева-Герасимова и претставникот на „Цепросард“, Габриела Мицова, а размени мислења и со останатите членови на ЛЕСС и други личности. На овој начин уште повеќе се подига капацитетот и квалитетот на човечките ресурси на „Мобилност Битола“, кои како едукатори ќе ги водат другите во нови предизвици.

Втора средба и набавка на ортопедски помагала од „Мобилност Радовиш“

На 16 октомври 2013 година се оствари претходно договорената средба со „Мобилност Радовиш“. Делегацијата на „Мобилност Битола“ составена од Нико, Митко, Соте и Димче, повторно разговараше за зајакнување на соработката и беа разменети идеи со насоки за активности. Васе, Мимоза и докторот беа поканети на возвратна посета во Битола. Истовремено беше направен избор на инвалидски колички и одалки од големата донација на „Мобилност Радовиш“. Останува уште еднаш да им изразиме благодарност што отстапија дел од донацијата и уште повеќе да ја продлабочиме нашата соработка.

„Мобилност Скопје“ во посета на Врање

На 21 септември 2013 година Здружението на лица со телесен инвалидитет на Скопје „Мобилност Скопје“, претставници на „Мобилност Скопје“ со своја делегација во состав: Јулијана Илиевска, Марјан Зафировски, Благица Митрева и Никола Милевски, присуствуваа на патроniот празник на Здружението на заболени од мултиплекс склероза од Врање. Верскиот празник Мала Богородица е заштитник на градот Врање, а Здружението на заболени од мултипла склероза го празнува од своето основање.

Средбата се одржа во прекрасен амбиент во ресторанот „Двор“ во Врање, и на неа присуствуваа претставници на здруженијата на лица заболени од мултипла склероза од повеќе градови во Србија, Лесковац, Нови Кнежевац, Ниш и Крагуевац.

На средбата меѓусебно се разменија мислења и искуства на заболените од мултипла склероза.

Е. Ѓурчиноска

Есенски еднодневен излет на „Мобилност Скопје“

„Мобилност Скопје“ оваа година во рамките на своите програмски активности еднодневниот есенски излет за своите членови одлучи да го реализира во манастирот „Св. Троица“ во селото Скачковце – Кумановско. Излетот се одржа на 21.9.2013 година, во заедничка организација со „Мобилност Куманово“. Овој манастир се наоѓа на дванаесеттиот километар од регионалниот пат Куманово – Свети Николе. Македонската православна црква како вистински чувар на православната црковна традиција низ вековите забележала на ова место бројни чуда од минатото до денес. Ктитор на овој манастирски комплекс е прота Стојан Пајковски, роден во ова село 1951 година. Светиот крст е возобновен во 1996 година, а манастирот е подигнат во 2000 година. Комплексот се простира на 20 хектари површина урбано уредена и облагородена. До манастирот има пристапна инфраструктура, асфалтен пат, паркинзи, па така членовите на „Мобилност Скопје“ не беа приморани да пешачат, или да имаат какви било архитектонски бариери. На отворениот простор имаше доволно место да ги собере сите присутни членови. Иконите и фреските се дела на врвни македонски уметници. Резбата на која е претставена флората и фауната на ова поднебје е многу живописна и претставува вистински рај за очите. Посетителите можат да ја почувствуваат духовната сила на ова светилиште.

Поаѓањето беше во 9.00 часот од пред ДХО „Даре Џамбаз“. За потребите на нашите членови кои користат инвалидска количка за движење се користеа две специјално адаптирани комбиња со хидраулични рампи на ЈСП – Скопје, а останатите членови патуваа со два автобуса. Превозот на сите наши членови беше бесплатно организиран од градоначалникот на Град Скопје, Коце Трајановски и од Советот на Град Скопје, и до нив упатуваме голема благодарност.

Голема благодарност сакаме да изразиме и до одделението за детска и социјална заштита при Собранието на Град Скопје кои дадоа свој голем придонес во организацијата на превозот за овој излет.

Нашите членови беа сместени во удобно приспособените услови кои ги овозможува природата на месноста. Временските услови беа наклонети во наша полза, па членовите можеа да уживаат во прошетките. Исто така, не смееме да заборавиме да го споменеме учеството и помошта на Црковниот одбор на манастирот „Св. Троица“ која не изостана. Преку добрата организација дадоа свој придонес како за позитивната атмосфера во текот на целиот ден, така и за вкусната храна, односно домашната пита приготвена од вредните раце на жените од манастирот. Убавата атмосфера ја комплетираше и музиката, која ги дополни коцките од мозаикот на убави впечатоци.

Упатуваме голема благодарност и до донаторите кои со своите донации ја потпомогнаа успешната реализација на овој излет – „Прилепска Пиварница“ од Прилеп и „Мултипром“ од Скопје.

На излетот присуствуваа околу 120 членови на „Мобилност Скопје“ и 20 членови на „Мобилност Куманово“. На излетот беше присутен и претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски.

Со своето присуство не почестија и г. Скот и г-ѓа Вики Андерсон, нашите драги пријатели, претставници на Црквата на Исус Христос на светците од подоцнежните дни во Македонија, кои ни донираа компјутер за „Мобилност Скопје“.

Елена Ѓурчиноска

„Мобилност Скопје“ со својата креативна работилница во Нови Кнежевац

Здружението на лица со телесен инвалидитет Скопје „Мобилност Скопје“ учествуваше на креативната работилница за рачна изработка на накит во Нови Кнежевац, Србија, на покана од збратимените Здружение на лица заболени од мултипла склероза на Севернобанатскиот округ со седиште во Нови Кнежевац.

Заедничката соработка во спроведување на креативните работилници за изработка на накит е започната и трае повеќе години. Нивното искуство во изработка на накит го пренесовме кај нас. Тоа искуство прерасна во креативна работилница за изработка на накит и за меѓусебно другарување. Учесниците на работилницата си најдоа свое катче за изразување на своите способности, креативности и фантазии. Преку другарување и работа раководителот на работилницата Славица Стојановска успеа да ги задржи посетителите на работилницата и да го зголеми нивниот број. Така секој четврток се очекува со нетрпение и тоа е еден извонреден состанок на кој има две точки на дневниот ред, и тоа работа и другарување.

Така релаксирани и полни со желба да научиме уште нешто повеќе за да се искачиме едно скалило погоре појдовме во Војводина каде што навистина се случи тоа. Нашата професорка Љутка беше најпрво изненадена, подоцна малку вознемирена, а на крај фасцинирана од тоа како што велеше она сакаме веднаш ДА ВЛЕЗЕМЕ ВО ДЛАБОКИ ВОДИ, но сепак секој од нас извонредно доплива до целта. За нас тоа беше огромно задоволство да се воодушеви една прекрасна личност од нас и нашето работење и затоа добивме мотив плус кој ќе ни биде водич за понатаму.

Гостољубивоста нема да ја заборавиме ако споменеме дека нашите вешти раце беа насликани и снимени на нивната локална телевизија и дека бевме претставени како едни од најдобрите ученици кои дотогаш присуствувале на нивната работилница. Нивната награда кон нас беше повеќепати покажана на различни начини со тоа што имавме можност да присуствуваме на поетската вечер која секоја година се одржува во Нови Кнежевац на исто место и во исто време (во домот на Даница и Радомир) каде што нашите сетила беа почестени со прекрасни напишани стихови, посета на многу излетнички места и гратчиња и сето тоа проткаено толку синхронизирано од нивната позитивна, смирувачка и топла насмевка за во секој момент да се чувствуваме како да се наоѓаме дома и меѓу најблиските.

Таквите импресии кои во нас (Марина Сурловска, Далиборка Димитриевиќ, Соња Тасеска, Гоце Миновски, Александар Јовановски, Ивона Груевска, Христина Просковска, Дејан Ѓорѓиевски) се собраа за толку кратко време на едно место, секако, ќе им ги должиме на нивната претседателка Славица Зориќ, нашиот претседател Дејан Ѓорѓиевски, професорката Љутка и нивните членови кои неуморно и несебично помагаа во целото наше дружење и работење.

Искуствата нема да застанат тука, тврдат сите членови и се спремни тоа да продолжи да се надоградува, возобновува и да биде една наша култура и обележје на нашето здружение.

Христина Просковска

„Мобилност Скопје“ на Скопски саем

На Скопскиот саем се одржаа етноденови на жените на Гази Баба организирани од општината Гази Баба. Оваа манифестација беше отворена од градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски, а присутните ги поздрави и организаторот на саемот г-ѓа Ленче Јовановска.

Манифестацијата имаше забавно-музички дел во кој со свои настапи се претставија гости од средното музичко училиште „Илија Николовски-Луј“ и гости од Македонско-српско здружение од Кралево кои беа облечени во народни носии.

Етносалата беше украсена во етностил. Исто така беа украсени и штандовите на кои беа претставени народни носии, уметнички ракотворби, разновидни украси, накити, бардаци, тави и многу други рачно изработени предмети. Освен претставнички од сите општини во Градот Скопје, со свои штандови се претставија жените од Прилеп, Крушево и Врање.

„Мобилност Скопје“ се претстави со производи – рачен изработен накит направен на својата креативна работилница. Посетителите го разгледуваа накитот, се воодушевуваа на нашите вредни раце и способност и секако имаше и такви кои си купија по некој примерок. Првиот ден на саемот накитот го изложија Славица Стојановска и Биљана Вељановска кои исконтактираа со жени од други креативни работилници за понатамошна соработка, разменување на искуства и слично.

Нашиот штанд го посети и градоначалникот на општина Гази Баба, Тони Трајковски, кој се воодушеви на нашите врдни раце и во разговорот вети дека ќе ја посети нашата креативна работилница.

Следниот ден на саемот бевме претставени од Гоце Миновски, Христина Проскоска и претседателот на здружението Дејан Ѓорѓиевски кои исто така беа импресионирани од убавата атмосфера која владееше тие два дена на оваа манифестација.

На саемот имаше група жени кои на својот штанд изложија и продаваа производи од тесто, пити, кифли, солени и слатки производи од домашна изработка и тој штанд беше најпродаван.

Оваа манифестација се одржуваше по прв пат и беше многу посетена и успешна.

Ние посакуваме оваа манифестација од година на година да прерасне во традиција.

Славица Стојановска

„Мобилност Скопје“ доби нов компјутер

Здружението на лица со телесен инвалидитет на Скопје „Мобилност Скопје“ доби нов компјутер, донација од претставниците на Црквата на Исус Христос на светците од подоцнежните дни во Македонија, Скот Грант Андерсон и неговата сопруга Вики Андерсон.

По препорака на вработените на Црвениот крст на Град Скопје добиле идеја за оваа донација, и на тој начин да ја помогнат работата на „Мобилност Скопје“. Донаторите се надеваат дека лицата со телесен инвалидитет ќе се поттикнат да се потпираат на сопствените сили и способности.

На средба со Скот Грант Андерсон и Вики Андерсон во канцеларијата Здружението на лица со телесен инвалидитет на Скопје „Мобилност Скопје“, го претставивме Здружението, неговата програма за работа и притоа истакнавме дека основна цел и задача на „Мобилност Скопје“ е да ги претставува и застапува лицата со телесен инвалидитет заради остварување на нивните права во сите области на животот и за нивно сè поголемо вклучување во секојдневниот живот.

Ова е само уште еден пример дека хуманоста и добронамерноста немаат граници.

Елена Ѓурчиноска

Вградена рампа во комби возило

На иницијатива на „Мобилност Македонија“, а по добиена информација од нашите членови кои престојуваат во ЈУ Завод за заштита и рехабилитација на деца и младинци „Бања Банско“, како и со лична заложба на министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов, поставена е рампа за полесно влегување и транспорт на лица кои користат инвалидска количка. Сега штитениците на Заводот ќе можат полесно да се превезуваат до Струмица и околните места, секако со однапред искажана потреба и одобрение од директорот и стручната служба на Заводот.

Б. Јовановски

Докторот Ви одговара

Дајте! Дајте! Тоа е барањето на повеќето од Вас кога ќе разговараме. Многу малку ќе седнат трезвено и ќе се запрашаат: А што да ни дадат? Ние долго време сакаме да ги канализираме и систематизираме Вашите барања кои се во согласност со Вашите потреби. Потребите некогаш се големи или нереални, па треба да се одредат разумни приоритети кои со добри аргументи можат да влезат во нечија агенда (се знае чија). Здравјето на сите ни е важно, најважно и најприоритетно. Кое барање или потреба ќе има приоритет со аргументи кои давателот не ќе може да ги одбие? Тоа, драги мои читатели, е најважното што сите овие години сакав да го остариме како комуникација. Комуникација на здрави основи со сите параметри, пишани и непишани права кои треба да можат да се остварат.

Конвенцијата ја имаме како инструмент, па треба внимателно да ја користиме. Кога зборуваме за права во здравството, се отвора многу комплексен проблем. Можеби треба да размислиме за прашалник кој треба да се врати на писмено, веб-страница, „Фејсбук“ или како сакате. Ние сме отворени за Ваши предлози. Направете чекори кон комуникациски минимум, ако може и оптимум. Ве очекуваме, а дотогаш здравје и живот.

Вашиот непоправлив оптимист за здравјето
прим. д-р *Нико Јанков*

РЕПУБЛИЧКИОТ ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА НА ЛИЦА СО ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ „ПОРАКА“ ПРОСЛАВИ 50 ГОДИНИ АКТИВНА РАБОТА

Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија, присуствуваше на одбележувањето на 50-годишниот јубилеј на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост „Порака“.

Овој голем јубилеј, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост (РЦПЛИП) „Порака“ го одбележа на 14 октомври во Музејот на македонската борба за државност и самостојност. На-

станот беше поддржан од Претседателот на Република Македонија неговата екселенција Ѓорге Иванов.

„Порака“ е граѓанска, родителска, национална инвалидска и непрофитна организација која ги застапува правата и интересите на повеќе од 20.000 лица со интелектуална попреченост во Република Македонија. Развојниот пат на РЦПЛИП – „Порака“ од половина век е секако нешто што е достојно за почит. Во изминатите 50 години, РЦПЛИП „Порака“, како матична организација на лицата со интелектуална попреченост, е докажан фактор и носител на бројни иницијативи чија цел е создавање на општество во кое сите лица со интелектуална попреченост и нивните семејства ќе имаат достоинствен живот.

Во програмата за одбележување на 50 години активно дејствување на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост, свое обраќање покрај претседателот на „Порака“, Чедомир Трајковски и Претседателот на Република Македонија, имаше и министерот за труд и социјална политика Диме Спасов. Во рамките на Програмата беа презентирани Извештајот за правата на лицата со интелектуална попреченост во Република Македонија и Прирачникот за правата на пациентите со фокус на лица со интелектуална попреченост. На настанот беа изложени ракотворби изработени од лица со интелектуална попреченост.

С.П.

ОДБЕЛЕЖАН 15 ОКТОМВРИ – СВЕТСКИОТ ДЕН НА БЕЛИОТ СТАП

Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија учествуваше во одбележувањето на 15 октомври – Светскиот ден на белиот стап – симболот на слепиот човек.

По тој повод Националниот сојуз на слепите на Република Македонија организираше дефиле на бели стапчиња од Порта Македонија до Домот на хуманитарни организации „Даре Џамбаз“, каде што беше поставена изложба на тифлотехнички помагала за слепите лица.

На свечената седница по повод одбележувањето на Светскиот ден на белиот стап, на присутните им се обрати покрај претседателот на Националниот сојуз на слепите на Република Македонија Жарко Селковски и министерот за труд и социјална политика Диме Спасов.

Во рамките на одбележувањето на Светскиот ден на белиот стап се одржа и промоција на книгата „Мојот живот без вид“ од авторот Димитар Дерменџиевски. Во далечната 1946 година Димитар Дерменџиевски го основа и стануваше прв претседател на Сојузот на слепи лица на Република Македонија. Тој беше неуморен бо-

рец за достоинството и за правата на слепите лица, борец за националните права на македонскиот народ меѓу двете светски војни, учесник во Народноослободителната борба и доследен борец за слободна, независна и самостојна држава Македонија.

С.П.

МЕСЕЦ БЕЗ ПАРТИЦИПАЦИЈА

По повод Меѓународниот ден на лицата со инвалидност – 3 декември, Центарот за ортотика и протетика „Славеј“ а.д. – Скопје го прогласува декември 2013 година за МЕСЕЦ БЕЗ ПАРТИЦИПАЦИЈА за ортопедските помагала за членовите на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија, што значи дека сите членови кои ќе дојдат во Центарот за ортотика и протетика „Славеј“ со потврда за потреба на ортопедско помагало заверена во декември 2013 година и членска книшка на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија, ќе бидат ослободени од плаќање на партиципацијата за ортопедско помагало кое им е препишано со потврдата.

ЦЕНТАР ЗА ОРТОТИКА И ПРОТЕТИКА „СЛАВЕЈ“ АД СКОПЈЕ

СЛАВЕЈ

Со ова Центарот за ортотика и протетика „Славеј“ го дава својот скромен придонес во одбележувањето на Меѓународниот ден на лицата со инвалидност – 3 декември и поддршка за лицата со телесен инвалидитет на кои им е потребно ортопедско помагало.

НОВОСТИ ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА РАБОТА

Намалување на цената на геодетските елаборати за легализација на бесправно изградени објекти за 50% за корисниците на постојана парична помош и самохрани родители на деца со инвалидност

Министерот за труд и социјална политика, Диме Спасов и директорот на Агенцијата за катастар на недвижности на Република Македонија, Славе Трпевски информираа за намалување на цената на геодетските елаборати за легализација на бесправо изградени објекти за корисници на постојана парична помош и самохрани родители на деца со инвалидност.

Со оваа мерка на Владата на Република Македонија се предвидува намалување на цената на чинење на елаборатите за легализација на бесправно изградени објекти со етажен и габаритен премер за 50%, и тоа за објекти до 50м^2 и за објекти од 51м^2 до 150м^2, односно да се намали цената на чинење на елаборатот за легализација на бесправно изградени објекти и делови на објекти до 50м^2 од 2000 денари и на 1000 денари, и да се намали цената за легализација на бесправно изградени објекти и делови на објекти од 51м^2 до 150м^2 од 41 денар по м^2 на 20 денари по м^2, односно намалување од 50%.

За искористување на ова право примателите на постојана парична помош и на самохраните родители на деца со инвалидност, треба да ги подигнат потврдите од центрите за социјална работа и да ги достават до геодетските фирми.

Зголемување на финансиската поддршка на самохраните родители коишто имаат деца со инвалидност

Министерството за труд и социјална политика информираше за новата мерка за зголемување на финансиската поддршка на самохраните родители коишто имаат деца со инвалидност. Оваа мерка е насочена кон унапредување на заштитата на децата со инвалидност и има цел да им помогне на самохраните родители кои имаат деца со инвалидност.

Оваа мерка всушност е зголемување на износот на правото на посебен додаток за една половина, односно во висина од 50%. Посебниот додаток за самохрани родители на деца со инвалидност досега изнесуваше 4.280 денари, а со оваа мерка се предвидува зголемување на правото на посебен додаток при што истиот ќе се исплаќа во износ од 6.420 денари. Се предвидува зголемувањето на правото на посебен додаток за самохрани родители на деца со инвалидност за 50% да започне да се реализира од 1 јануари 2014 година.

ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЛИЦАТА СО ИНВАЛИДИТЕТ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД

Унапредувањето на севкупните состојби поврзани со економската интеграција на лицата со инвалидност беа тема на дводневниот семинар со наслов „Процесот на професионална рехабилитација и вклучување на лицата со инвалидност на пазарот на трудот“ кој го организира Министерството за труд и социјална политика и австриското федерално министерство за труд, а на кој зема учество и Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија со свои претставници.

Вработувањето на лицата со инвалидност е клучен елемент за социјална инклузија и економска самостојност на сите граѓани кои се наоѓаат на возраст во која може да бидат работно ангажирани. Стапката на вработеност и активност на оваа категорија граѓани кај нас е сè уште на ниско ниво, што подразбира дека политиките за подобрување на стапката на активност кај овие лица треба да биде разнообразна во согласност со нивните потенцијали за вработување и сеопфатна, што подразбира отстранување на сите видови на бариери за нивно потполно учество во севкупната работна сила.

Семинарот го отвори заменик-министерот на Министерството за труд и социјална политика, Ибрахим Ибрахими, кој во своето обраќање истакна: „Претпријатијата како дел од отворениот пазар на труд или заштитните друштва во нашата држава, во голема мера придонесуваат за вработување на лицата со инвалидност, комбинирајќи ги антидикриминационите мерки и мерки на позитивна акција, за истите да обезбедат еднакви можности. Но, од друга страна, пак, на нас како Министерство за труд и социјална политика ни останува обврската на овие лица да им обезбедиме пристап кон објективна и индивидуална проценка, којашто во себе ќе вклучи идентификација на нивните можности коишто се однесуваат на потенцијалните занимања и професии, да даде акцент од проценка на неспособност на проценка на способност и истите да ги поврзе со специфичните барања за одредено вработување, да обезбеди основа за посебна програма наменета за овие лица за нивна професионална рехабилитација и да им помогне да пронајдат соодветно работно место или повторно да се вработат“.

С.П.

XVI ТРАДИЦИОНАЛНА МАНИФЕСТАЦИЈА „ТОРТИЈАДА 2013“

На 9 ноември 2013 година, во хотелот „Цар Самуил“ во Банско – Струмица, се одржа XVI традиционална меѓународна манифестација „Тортијада 2013“ во организација на Здружението на лица со телесен инвалидитет на Струмица „Мобилност Струмица“, а финансиски поддржана од Националниот сојуз на лица со телесен

инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија.

Учесниците ги пријавуваа тортите под шифра на самиот ден на пристигнувањето. Според пропозициите учесниците имаа право да ги донесат тестата за тортите направени, а филувањето и декоративниот дел од тортатата го приготвуваа пред жирито.

Според пропозициите доколку тортата имаше украсен дел кој не може да се употребува како храна, учесникот ќе беше дисквалификуван. Екипите имаа обврска да го донесат потребниот материјал за изработка на тортата, како и потребниот алат за приготвување на истата. Според организаторот на манифестацијата, направените

торти останаа за да се послужат присутните гости.

Претставничките на „Вешта жена“ од Струмица: Мерима Тушка, Милица Галевска и Данче Петревска, беа во состав на жирито кое ги оценуваше тортите, прво изработката на самата торта, а потоа и нејзиниот изглед и вкус.

На „Тортијадата 2013“ учествуваа екипи од 14 здруженија на „Мобилност Македонија“ и една екипа од Нови Кнежевац, Србија, претставнички на Здружението на заболени од мултипла склероза на Севернобанатскиот округ.

Приготвените торти беа преубави, сите носеа порака со својот изглед, а жирито како најубави и највкусни ги одбра тортите на „Мобилност Кичево“, „Мобилност Охрид“ и на „Мобилност Струмица“. Тортата на „Мобилност Кичево“ со назив „Водарка на бунар“ го освои третото место и доби парична награда од 1000 денари. „Мобилност Охрид“ ја освои втората награда во износ од 2000 денари со тортата под име „Охридско Езеро“. За најубава торта, жирито ја прогласи тортата на „Мобилност Струмица“ под име „Аверијада“ и доби парична награда од 3000 денари.

Домаќинот на манифестацијата, „Мобилност Струмица“ со помош на донации од локалната самоуправа и бизнис-заедницата на Струмица, ги награди и другите учесници на „Тортијадата 2013“ со скромни подароци.

С.П.

ЕДЕН УБАВ ПРИМЕР ЗА ИНКЛУЗИЈА НА ЛИЦАТА СО ТЕЛЕСЕН ИНВАЛИДИТЕТ

Инклузијата на учениците со телесен инвалидитет во редовните основни училишта претставува дел од светското движење, кое прокламира вклучување на сите лица со инвалидност во сите сегменти на општественото живеење. Основното училиште „Јохан Хајнрих Песталоци“ кое се наоѓа во општина Центар континуирано се залага за лицата со инвалидност и зазема афирмативен став за инклузивното образование. Основното училиште „Јохан Хајнрих Песталоци“ во изминатите две години бележи голем исчекор во полето на инклузијата

преку секојдневната практика во училиштето.

Членката на Здружението на лица со телесен инвалидитет на Скопје „Мобилност Скопје“, Вера Апостоловска, е дете со церебрална парализа и е редовна ученичка во ОУ „Јохан Хајнрих Песталоци“. Благодарение на условите кои и се овозможени во нејзиното училиште, компјутер кој има специјална тастатура адаптирана според нејзините потреби, таа подеднакво со другите ученици е вклучена во сите училишни активности како што се учење, цртање, боење, разни истражувања и проекти, учество на училишните приредби и конкурси и друго.

Вера Апостоловска учествуваше на конкурсот на тема **„Компјутерот – мојот прозорец кон светот“**, со песна со ист наслов како и конкурсот.

Јас сум девојче на возраст од десет/10 години и ученичка во петто одделение. Имам моторички пречки, коишто ми го отежнуваат пишувањето со рака.

За среќа живееме во 21 (дваесет и први) век, ерата на компјутери. Тие не само што претставуваат мој прозорец кон светот, туку и порта кон многу нешта.

Со компјутерот почнав да се дружам уште од предучилишна возраст.

Таму има асистивна технологија. Таа ми помага во еднаков пристап кон компјутерот, така што се чувствувам рамноправна со моите другарчиња.

За мене компјутерот претставува една волшебна кутија, којашто ми исполнува многу желби:

да играм игри,
да научам да пишувам,
да учам англиски,
да пребарувам на интернет,
да гледам слики и слушам музика.

Значи да правам сето она, што прават моите врсници.

Сега сум среќна, што домашните ги пишувам преку компјутер.

Преку образовно-инклузивниот процес во понатамошната целокупна социјална инклузија, со поддршка на општеството и повисокиот степен на јавна свест за децата и лицата со инвалидност се дава директен придонес во подигнувањето на квалитетот на нивното живеење.

Елена Ѓурчиноска

ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ВО СТРЕЛАШТВО АЛИКАНТЕ 2013

-Две „стативи“ за македонските параолимпијци-стрелци

Македонската репрезентација во стрелаштво за лица со инвалидност учествуваше на Европското првенство во стрелаштво што се одржа во Шпанија, во Аликанте од 18-26.10.2013 година. Натпреварот беше спровден согласно правилата на ISSF и на IPC-Shooting. После подолго време, поточно од 2007 година, конечно најдобрите евтопски стрелци добија шанса да се натпреваруваат на ваков престижен натпревар. Република

македонија на овој натпревар ја претставуваа: Бранимир Јовановски (тренер, селектор и натпреварувач), Оливера Наовска-Бикова, Ванчо Каранфилов и Лидија Крстеска (стрелци) и Драган Дојчиноски (тим лидер и асистент). Финансиската конструкција беше затворена благодаение на средствата од Агенцијата за млади и спорт, Министерството за труд и социјална политика, Општина Гази Баба, Скопје и Центарот за ортотика и протетика „Славеј“ Скоје. Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Македонија – Македонски параолимписки комитет им изразува голема благодарност до нашите финансиери, спонзори и донатори.

На европското првенство настапија натпреварувачи од 33 држави меѓу кои и натпреварувачи од Австралија и од Нов Зеланд. Најуспешна нација беше Украина која

освои вкупно 9 медали од кои 4 златни, 3 сребрени и 2 бронзени, на второто место се пласира Русија со 8 медали од кои 4 златни, 2 сребрни и 2 бронзени, а на третото место се најде репрезентацијата на Србија со освоени 11 медали од кои 3 златни, 3 сребрени и 5 бронзени. Вкупно 14 нации се закитија со медали. Беа срушени повеќе светски и европски рекорди, како во квалификации, така и во финалните борби.

Спортистите на Македонија навистина немаа среќа на ова првенство. Беа освоени две четврти места, две „стативи" во спортски жаргон кажано, по едно во екипна и во поединечна конкуренција. Најнапред екипата во состав: Оливера Наковска-Бикова, Бранимир Јовановски и Ванчо Каранфилов во дисциплината спорт пиштол за само 1 круг изгуби бронзен медал во диациплината спорт пиштол. Тие заедно исстрелаа 1613 кругови и го освоија четвртото место. На третото место се пласира екипата на Турција со само еден круг повеќе, 1614 кругови, второто место го освоија стрелците од Шведска со 1626 кругови, а првото место очекувано им припадна на стрелците од Русија со 1706 кругови. Ако се знае дека

на двата контролни натпревари непосредно пред заминувањето за Аликанте македонските параолимпијци стрелаа над 1650 кругови, тогаш навистина пласманот иако е доста висок, всушност е вистинско разочарување.

Оливера Наковска-Бикова и овојпат беше најуспешниот македонски спортист на еден меѓународен натпревар. Беше најдобра од македонските претставници во сите три дисциплини во кои настапи, а најдобар пласман оствари во својата дисциплина воздушен пиштол жени. Со оглед на високите резултати кои ги постигнуваше во подготвителниот период, договоривме да се обидеме да го срушиме светскиот рекорд во квалификациите. Се одеше како треба до третата серија од 10 истрли кога влезе во мала криза и на крај со 377 ктугови (4 помалку од нејзиниот светски рекорд) го освои првото место во квалификациите, меѓутоа не успеа да го поправи или изедначи светскиот рекорд за малку. Од оваа година финалето се стрела по нови правила, односно на сите осум финалисти им се бришат круговите и стартуваат од нула. Во таква ситуација, сите имаат подеднаква шанса за освојување на медал. По старите правила Оливера ќе имаше обезбедено најмалку сребрен медал, меѓутоа се случи да има малку понесигурна стрелба и кога дојде до позиција да се бори за бронзениот медал и продолжување на натпреварите, сите 4 спортиски беа поредени во 1,1 круг, а Оливера за 0,5 кругови го изгуби бронзениот медал и можноста да се бори за злато. Имени, по 16 исстрелани дијаболи, Олга Мустафиева имаше 153,9 кругови, Елена Таранова 153,7 кругови, Кристина Давид 153,3 кругови и Оливера Наковска-Бикова 152,8 кругови. „Статива" и голема стрелачка несреќа бидејќи во последниот истрел и двете спортистки погодија 10,1. Таков е спортот, непредвидлив и нема резервирани медали. За секој медал треба добро да се намачите, но и да ве прати спортската среќа. Во ова конкуренција настапија 15 жени, а нашата втора натпреварувачка Лидија Крстеска со 353 кругови го освои 11-то место.

Машкиот дел од репрезентацијата стрелаше далеку под своите можности. Останува да се направи анализа од постигнатото и по заслужениот одмор, кон крајот на годината да се започнат подготовки за следните првенства во 2014 година и секако за најважниот настан, Светското првенство во стрелаштво кое од 19-26.07.2014 година ќе се одржи во Сул, Германија. Нашите параолимпијци настапија на Европско првенство во Сул 2007 година и освоија 3 екипни и 1 поединечен медал. Да им посакаме идната година да им се повтори Сул 2007 година.

Б.Јовановски

НАГРАДНА ИГРА

Наградното прашање од минатиот број на весникот гласеше:

Од 6 до 9 јуни оваа година, во организација на „Мобилност Македонија**“** на спортските терени во Струга и Охрид ќе се одржат **XXV-те Републички спортски игри на лицата со телесен инвалидитет на Македонија, на кои ќе учествуваат 76 натпреварувачи.**

Прашањето гласи: Во кои спортски дисциплини ќе се натпреваруваат учесниците на **XXV-те Републички спортски игри на лицата со телесен инвалидитет?**

Точниот одговор на ова наградно прашање гласи:

Учесниците на XXV-те Републички спортски игри на лицата со телесен инвалидитет ќе се натпреваруваат во три дисциплини: стрелаштво, атлетика и пинг-понг.

Наградата – викенд за две лица во хотел „Цар Самуил“ во Банско – Струмица со платени трошоци за превоз во висина на автобуска карта, сметаме дека е доволен мотив читателите да се потрудат околу точниот одговор на наградното прашање и во поголем број да учествуваат во наградната игра.

На седницата на Уредувачкиот одбор на весникот „Мобилност“, среќниот добитник го извлече д-р Нико Јанков, уредник на весникот.

Најмногу среќа и точен одговор имаше членот од „Мобилност Велес“: **Благој Митков**

Донатор на оваа награда се сопствениците на хотелот „Цар Самуил“ во Банско – Струмица. Сите информации поврзани со реализацијата на наградата добитникот ќе ги добие од генералниот секретар на „Мобилност Македонија“, на телефонскиот број 02/3211-280.

Наградното прашање за овој број на весникот гласи:

По повод Меѓународниот ден на лицата со инвалидност **– 3 декември, во мултифункционалниот објект Порта Македонија, на 2 декември ќе биде отворена изложба на слики од IV-**тата меѓународна ликовна колонија на Националниот сојуз на лица со телесен инвалидитет на Македонија – Мобилност Македонија.

Прашањето гласи: Која е по ред изложбата на слики на „Мобилност Македонија“ што ќе се одржи на 2.12.2013 година.

Сметаме дека одговорот на ова прашање не е тежок, но малку ќе Ви помогнеме со тоа што ќе Ви кажеме дека треба само да го читате весникот „Мобилност“ и ќе го дознаете одговорот.

Вашите одговори на прашањето праќајте ги во затворен коверт на адресата на „Мобилност Македонија“, ул. 11 Октомври бр. 42-а – Скопје (со назнака „За наградна игра“), најдоцна до 15 јануари 2014 година.

Право на учество имаат само редовните членови на „Мобилност Македонија“. Наградата е непренослива, односно може да ја користи само оној што ја освоил.

Почитувани читатели, Вие кои го знаете одговорот на наградното прашање и кои сте оптимисти, па верувате во својата среќа, земете учество во наградната игра. Со тоа ништо не можете да загубите, а можете да добиете шанса, заедно со својот придружник, да си поминете еден прекрасен викенд во бањата Банско во Струмица.

С. Прчева

Одржано државно првенство во шах за лица со телесен инвалидитет за 2013 година

На 14.9.2013 и 15.9.2013 година, во хотелот „Галеб“ во Струга, во организација на „Мобилност Македонија“ беше одржано 25-тото државно првенство во шах за лица со телесен инвалидитет на Македонија.

На првенството учествуваа 20 натпреварувачи од кои десет директно пласирани од минатогодишното првенство. Натпреварот се одржа по швајцарски систем во 7 кола каде што редоследот се одредуваше врз основа на број на освоени поени, а во случај на еднаков број на поени, повисокиот пласман се пресметуваше најнапред врз основа на прогрес, па потоа Бухолц, број на победи итн.

И оваа година натпреварот беше спроведен со компјутерска програма за составување на парови и одредување на пласман, судии на натпреварот беа Драган Дојчиноски и Бранимир Јовановски, а во случај на конфликтна ситуација конечен збор согласно со одлуката на самите играчи имаше Јанчо Ѓорѓевски.

Во исклучително фер и коректна борба, првото место го освои Горан Војновски од Кочани со освоени 6 поени, колку што освои и второпласираниот Јанчо Ѓорѓевски од Куманово кој имаше послаб прогрес, додека третото место му припадна на Атли Горенца од Дебар со освоени 5 поени.

Првопласираните десет натпреварувачи директно се пласираа за следното 26 државно првенство во шах за лица со телесен инвалидитет на Македонија, додека

Табела на конечен пласман:

Пласман	Име и презиме	Мобилност	Поени	Прогрес	Бухолц	Победи
	Горан Војновски	Кочани	**6**	25,0	29,5	6
	Јанчо Ѓорѓевски	Куманово	**6**	21,0	30,5	6
	Атли Горенца	Дебар	**5**	21,0	27,5	5
	Тоде Арсов	Штип	**4,5**	22,0	28,0	4
	Љупчо Филипов	Кочани	**4,5**	21,0	32,5	4
	Адем Неби	Скопје	**4,5**	19,5	27,5	4
	Мирослав Бучевски	Скопје	**4**	18,0	27,0	4
	Слободан Димоски	Прилеп	**4**	16,0	30,0	4
	Живко Станковски	Крива Паланка	**4**	15,0	26,0	4
	Билал Биберовиќ	Велес	**4**	13,0	17,0	4
	Даниел Нунески	Охрид	**3,5**	12,5	25,0	3
	Буран Бала	Дебар	**3,5**	12,5	23,0	3
	Благој Петровски	Велес	**3**	16,0	26,0	3
	Васил Коцев	Скопје	**3**	11,0	19,0	3
	Васко Стефановски	Битола	**3**	10,0	21,5	3
	Горјан Свеќанцоски	Прилеп	**2,5**	10,5	23,0	2
	Венко Голабоски	Охрид	**2**	9,0	20,0	2
	Баки Османи	Дебар	**2**	5,0	20,0	2
	Тодорче Гиновски	Велес	**1**	2,0	19,5	1
	Иле Панзов	Свети Николе	**0**	0,0	17,5	0

последните пет натпреварувачи немаат право да учествуваат на следното првенство. За првопласираните три натпреварувачи беа обезбедени медали кои им ги додели претседателот на „Мобилност Македонија“, Бранимир Јовановски.

Б. Јовановски

„Куп на лица со телесен инвалидитет на град Скопје во риболов 2013 година“

„Мобилност Скопје“ организираше натпревар во рибарење „Куп на лица со телесен инвалидитет на град Скопје во риболов 2013“. На натпреварот присуствуваа 17 членови на „Мобилност Скопје“.

Досегашната соработка со Здружението на спортски риболовци „Вардар“ оваа година се прекина поради тоа што секоја година го ограничуваа и го намалуваа бројот на риболовци кои можат да добијат повластена дозвола за риболов и секоја година ја зголемуваат цената на дозволите.

Од годинава „Мобилност Скопје“ започна соработка со риболовното здружение „Рибар 2011“, под мотото „исти како и сите нас но сепак различни“. Во риболовното здружение „Рибар 2011“ сметаат дека лицата со инвалидност не се луѓе за кои се зборува често, но дека тие се тивки, ненаметливи, скромни, благодарни за секој гест направен за нивна поддршка и почитување.

На 2.6.2013 година успешно беше организиран „Куп на лица со телесен инвалидитет на град Скопје“ – риболовен натпревар на пливка. Натпреварот беше поддржан од Македонската риболовна организација и се одржа во Градскиот парк во Скопје со времетраење од два часа.

Во текот на натпреварот имаше голема дисциплина и дружење. По завршувањето на натпреварот се доделија награди, и тоа: за најстар учесник на натпреварот е прогласен Никола Милевски, а за најмлад учесник Драган Митевски. Беа доделени и награди за прво, второ и третопласираните на натпреварот: Васе Стојановски, Методија Мирчевски и Селим Орхан. На победниците им беа доделени вредни награди. Дружбата продолжи во ресторанот „Вршац“.

На сите натпреварувачи дополнително им беа доделени дипломи за учество на овој куп кој се надеваме дека ќе прерасне во традиција.

Елена Ѓурчиноска

ЛЕШОЧКИОТ МАНАСТИР „СВ. АТАНАСИЈ“ ИСТОРИСКО-ЕКОНОМСКИ ПРЕГЛЕД

Лешочкиот манастир се наоѓа западно од Скопје на оддалеченост од 50 км, и североисточно од Тетово на 8 км, лоциран во подножјето на Шар Планина. Се до 1945 година, него го сочинувале четири конаци и три цркви. Денес, манастирот го сочинуваат еден конак и трите цркви посветени на св. Богородица, св. Кирил и Методиј и св. Атанасиј.

Манастирот го подигнал првиот полошки епископ Јоаникие во периодот од 1321 до 1331 година на Шарпланинската падина, недалеку од денешниот манастир. Во 1641 година скопско-полошкиот епископ Никанор, поради несигурниот престој на монасите кои честопати биле напаѓани и ограбувани од арамии гради нови ко-

наци на сегашното место каде што е манастирот, покрај селската црква „Св. Богородица“.

Во 1690 година, за време на Австротурската војна и повлекување на австриските војски, Турците повторно се вратиле и настанале страотни катастрофални настани врз христијанското население и светите храмови.

Тогаш бил целосно разурнат стариот манастир изграден од Јоаникие и новиот манастир изграден од Никанор, освен црквата „Св. Богородица“.

За овие настани наоѓаме запис во таканаречениот Општ пеќски лист, што се однесува на Полог... „*Останатиот народ во време на војната малку запазен, а повеќе исклан, жените и децата заробени од Татарите што ги водел Махмуд-бег Пеќски. Овој огорчен за својот дом и имот, почнал заедно со татарите да ги пљачка, коле и пали Калканделските нахии (тетовските околии). Сите овие земји ги испустил, Божјите цркви ги изгорел, манастирите ги пљачкал, а луѓето ги исклал...*“

Манастирот останал во урнатини се до 1817 година. Тогаш во Лешок дошол македонскиот преродбеник и деец јеромонах Кирил Пејчиновиќ. Со посредство на ковачите од соседното село Варвара, Милош и Трпко, јеромонах Кирил барал и добил одобрение од тетовскиот Абдирахман-паша да се возобнови манастирот. Со доброволна работа на христијаните и материјална помош од градежни материјали подарени од занаетчиите, манастирот бил возобновен.

Во манастирскиот поменик јеромонах Кирил забележал дека го возобновува манастирот, бидејќи податокот дека првиот ктитор бил кнез Лазар, е погрешен, бидејќи првиот ктитор бил полошкиот епископ Јоаникие, податок откриен на саркофагот во 1927 година при расчистување на старата црква „Св. Атанасиј“.

По смртта на јеромонах Кирил, егумен на манастирот бил Серафим, односно Силвестер од соседното село Варвара. Овој егумен бил наклонет да гради конаци, па така изградил два големи конаци, училиште јужно од црквата „Св. Богородица“ и го заградил манастирскиот двор, во периодот од 1850 до 1860 година.

Во 1878 година, егумен на манастирот бил Езекил. За време на неговото управување со манастирот кое траело се до 1898 година, манастирот се стекнал со големи површини на обработливо земјиште, анови и зграда во Тетово, Гостивар и во Скопје. Во манастирскиот двор Езекил изградил голем конак кој и денес постои.

По убиството на Езекил, за егумен на манастирот бил назначен Еротеј. Тој по пример на претходните егумени во 1906 година гради голем конак, наспроти конакот што го изградил Езекил, тој е и последниот изграден конак.

МАНАСТИРСКИТЕ ЦРКВИ „СВ. БОГОРОДИЦА“, „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ И „СВ. АТАНАСИЈ“ ЦРКВА „СВ. БОГОРОДИЦА“

Оваа црква се наоѓа во југоисточниот дел од манастирскиот двор. Црквата е една од најстарите сочувани објекти во Полог. Кога е подигната не е познато, но се споменува во 1326 година, кога била подарена на Левишката црква „Св. Богородица“ кај Призрен. Меѓутоа, над влезната врата од внатрешната страна имало натпис кој гласел... „обновисе... благочествиваго и христољубиваго светога краља самодршца в се српске, болгарске и поморске (македонске) земље“. Од записот се дознава дека црквата била обновена за време на цар Душан (1341-1355), што укажува на древна старост. Црквата е

повторно обновена и доградена од скопско-полошкиот епископ Никанор во 1641 година, фрескоживописана во 1645 година. Црквата по трет пат е обновена и фрескоживописана во 1879 година. Тогаш е отстранет ѕидот меѓу наосот и нартексот и уништен написот од 14 век. Иконостасот и фрескоживописот го изработиле Михаил и Панајот од Галичник. Нанесените фрески се така мајсторски искомпонирани што не е оставен ниту еден ненасликан дел од ѕидовите. Забележлива е фреската на страшниот суд.

ЦРКВА „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

Оваа мала капела се наоѓа во источниот дел на конакот, изграден од Езекил. Иконостасот и иконите на него се изработени од зографот Јаков од Лазарополе 1889 година.

НОВАТА ЦРКВА „СВ. АТАНАСИЈ“

Во манастирскиот двор се наоѓа и црквата „Св. Атанасиј“, патрон на манастирот. Со својата убавина доминира во просторот. Градена е по проектот на архитектот Андрасов, градбата е започната 1924 година а завршена во 1934 година, осветена 1936 година. Нема податоци кој ги изработил иконите на иконостасот, св. Богородица шаршаја – над олтарот и Христос седржител. Иконостасот го изработиле браќата И. и Р. Максимовски од Гостивар.

Во 2001 година за време на воените немири, црквата е минирана и разурната. Во нестабилна состојба останал западниот дел со двете куполи и влезната врата. Со донација на Европската Унија црквата е возобновена со истиот градежен камен врз старите темели и го доби истиот изглед. Во 2004 година повторно е осветена и предадена за употреба.

ЦРКВАТА „СВ. АТАНАСИЈ“ НА СТАРИОТ МАНАСТИР

Со најновите истражувања се разоткрива дека наосот на оваа црква бил изграден во 6 век, а нартексот бил дограден во14 век и повторно фрескоживописана од страна на првиот полошки епископ Јоаникие, како и изградбата на конак за престој на монасите. Манастирот со црквата опстојувал се до 1690 година, кога бил целосно разурнат. Црквата во урнатини, покриена со земја стоела се до 1927 година. Во оваа година рускиот емигрант – монах при манастирското братство, Теодор Никанаров ја раскопал и расчистил црквата. На големо

изненадување од урнатините во црквата биле откриени три саркофази, мермерен иконостас, свеќници, крстилница, делови од централната купола, делови од прозорци, фрагменти од фрески и др. Највредно е секако пронајдениот саркофаг на ктиторот на манастирот на кој пишува: *ова е гробот на ктиторот,* а на поклопната плоча бил испишан следниот прераскажан текст *...јас еремонах Антонио од Јован на ова место го зарамнив рид от и започнав да го ѕидам храмот Св. Атанасиј... во деновите на кралот Милутин, вториот крал син му Стефан и третиот крал Душан... и свика собор во Скопје (1348 година) и ме прогласија за прв епископ во Полог и ми го промениј а името од Антони во Јоаникие*.

Потоа Теодор раскопаните ѕидови ги надѕидал и црквата ја заштитил со покрив. Направил и куќичка во која живеел.

Теодор починал во 1939 година. Оттогаш па наваму, црквата почнала да се распаѓа и денес тоа наликува на руина како онаа од 1690 година.

Илија Петрушевски

Папата и шоферот

Доаѓа папата во Македонија и на аеродром го дочекува лимузина со шофер. Но Папата му шепнал на шоферот:
- Слушај пријателе, во Ватикан не ми даваат да возам, а јас баш би сакал да седнам позади воланот, па ако не е проблем, би сакал да ги замениме местата за да повозам малку.
Се префрлил папата на возачко седиште стиснал на гаста и 200 на саат шиба. Арно ама за кратко време ги сопира полиција.
Отвара Папата прозорецот и полицаецот се здрвил и веднаш истрчал до полициското возило до радио станицата:
- Прием шефе, застанав еден што возеше преку 200, но не знам што да правам!
- Е како не знаеш ОДЕРИ ГО!
- Ама не оди така шефе фаца е човекот!
- Да не е градоначалникот?
- Не повисоко е!
- Да не е министерот?
- Не не уште повисоко!
- Да не е премиерот?
- НЕ шефе не е!
- Па веројатно не е претседателот...
- Шефе јас мислам дека тоа е Господ лично!
- Дај бре не трескај глупости како може Господ?!
- Па добро бе шефе на кој друг Папата би му бил шофер?!

Перо пијан

Седи перо во кафеана слуша музика од кафаеанската пеачка. Му легнала пијачката се испијанил. Дрво пијан размислува што да прави:

-Перо, дамла си пијан како ке си одиш дома?

-Перо, сега биди маж и полека тргај на кај дома како знаеш!

-Перо мора да станеш и полека да си одиш дома овде е веке фајронт!

Се обидува перо да стани и да си оди.....не бидува.Нозете не слушаат! После неколку обиди Перо разлислува и си вели:

-Перо нозете не слушаат, камен си, ама ако треба и со лазење ке си одиш дома овде нема да останиш!

Перо со лазење се прибрал дома, легнал и заспал. Утрото се буди ја гледа сопругата работи низ дома. Таа го забележува дека е буден и му вели:

-Пак се испијани сношти Перо??

-Не жено, што се тие муабети? Пак некој ми извадил муабет?

-Море каков муабет Перо? Па утрово ми се јави сопственикот на кафеаната и ми кажа дека пак си ја заборавил инвалидската количка таму!!

Омаловажување

Трпана му вика на Трпе:
- Трпе, мислам дека едното дете го омаловажуваш!
- Кое? Бојан, Горан или дебелото?

Додворување

Цветко се пушта на некоја девојка во диско:
- Здраво девојко, шо пиеш?
- Чивас со две коцки мраз.
- Ауууу пиј си ко така, да не те замарам.

Гледање на кафе

Трпана гледа на кафе на комшивката:
- Имаш свирче, зајак и слон. Некој набрзина ќе ти го свирне и ќе ти падне многу тешко!

Лудило

Има четири степени на лудило:
1. Зборуваш сам со себе.
2. Се караш со себе.
3. Губиш во караницата сам со себе.
4. Не си правиш муабет повеќе.

Комбинација

Која е најлошата комбинација во животот?
- Склероза и пролив. Трчеш а незнаеш каде.

Апчиња

Влегува Цветко во аптека и прашува:
- Колку се апчињата за „следниот ден“?
- 3000 денари!
- Ама само едно ми треба, не цела кутија.
- Да, де, 3000 денари е апче.
- Ништо тогаш, дај ми пелени.

АЈВАРИЈАМ

ISSN 1857-8470
9 771857 847001